**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јануари 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д- р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 91-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Елеонора Петрова - Митевска, Трифун Костовски, Славица Грковска, Али Ахмети, Теута Арифи, Мендух Тачи, Илјаз Халими, Џевдет Насуфи, Зиди Џелили, Абдулади Вејсели, Џезаир Шаќири, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Илија Србиновски, Сашко Кедев и Ганка Самоиловска - Цветанова, ме известија од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и члeновите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Ана Андова и Силана Бонева.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на патеничките прашања поставени од пратениците Блаже Стојановски, Михајло Георгиевски и Славица Грковска.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Зоран Томиќ, Емилија Костадинова, Илија Србиновски и Ѓорѓе Паљошковски.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Слободан Даневски, Славе Арсовски и Спиро Мавровски.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Џезаир Шаќири, Михајло Георгиевски, Благородна Мингова Крепиева, Весна Борозан, Спиро Мавровски и Петар Апостолов.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Весна Борозан, Благородна Мингов Крепиева, Славица Грковска, Ефтим Манев, Јордан Михајловски, Драго Шајноски и Јани Макрадули.

Министерот за здравство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Јордан Михајловски.

Министерот за образование и наука достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Славица Грковска.

Министерот за одбрана достави одговор на пратеничкото прашање псотавено од пратеникот Ристана Лалчевска.

Министерот за локална самоуправа достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ефтим Манев.

Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам пратеникот Петар Апостолов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или Сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Петар Апостолов.

Повелете.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам.

Од одговорот сум делумно задоволен, па затоа на крај ќе поставам и кратко дополнително прашање.

Инаку, прашањето се однесуваше за Проектот слободна економска индустриска зона Прдејци кај Гевгелија. Задоволен сум со дел од одговорот на прашањето, затоа што самата Дирекција за слободни економски зони веќе даде одговор на тоа што е отпочнато, а тоа е: изготвена е физибилити студија за слободна економска зона Прдејци, изработен е Генерален урбанистички план, а исто така, Дирекцијата за слободни економски зони поднесе барање до Државниот завод за геодетски работи за изработка на елаборат за експропријација и обесштетување. Само кратка информација, треба да се експроприра околу 15%.

Дополнителното прашање би гласело:

Дали отпочнувањето на реализацијата на слободна економска зона Прдејци кај Гевгелија ќе зависи од конкретната реализација на Слободната економска индустриска зона Бунарџик, или не зависно од неа ќе почне да се реализира кога ќе бидат исполнети сите оние услови кои се дадени во одговорот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Поставено е дополнително прашање.

Дали некој од претставниците на Владата ќе одговори на прашањето или одговорот ќе биде доставен во писмена форма?

Повелете, има збор претседателот на Владата.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Не зависи реализацијата на идејата за отворање на нова слободна економска зона во Прдејци од успешноста или неуспешноста на реализацијата на првата слободна економска зона во Бунарџик.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Лилјана Ивановска да се произнесе, но пратеникот не е тука, ќе продолжиме понатаму.

Госпоѓата Ана Андова, исто така, не ја гледам.

Госпоѓата Силвана Бонева, исто така не е присутна.

Господинот Блаже Стојановски, исто така не е присутен.

Господинот Михајло Георгиевски, не е присутен.

Госпоѓицата Силвана Грковска, не е присутна.

Го молам пратеникот Зоран Томиќ, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Задоволен сум од одговорот, меѓутоа проблемот за кој го поставив пратеничкото прашање се уште е отворен и верувам дека со надлежното министерство ќе продолжиме да работиме за да го надминеме успешно проблемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Емилија  да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова.

Повелете.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам, претедателе.

Сакам да се заблагодарам за одговорот на моето пратеничко прашање, поставено на 5 октомври 2004 година, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Од добиениот одговор сум делумно задоволна, па затоа ќе го искористам деловничкото право и ќе поставам дополнително прашање.

Од добиениот одговор се потврди тоа што го знаевме, односно дека вишновиот насад ЗИК “Брегалница” во стечај, Виница, се користи без согласност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и без плаќање на концесија за истиот од страна на Друштвото за производство и трговија “Давидов - М” - Компани, Експорт-импорт “Иван” ДООЕЛ од Кочани, од причина што во одговорот од Министерството стои укажување дека ЗИК “Брегалница” во стечај, Виница, не смеел да го дава земјиштето на користење на други лица, ниту пак тоа смеел да го прави Стечајниот суд или Стечајниот управник.

Моето дополнително прашање гласи:

До каде, во меѓувреме, се дојдени активностите на Државниот инспекторат за земјоделство за надминување на таквата состојба, бидејќи од склучување на Договорот за концесија, број 38/СТ од 13.08.2003 година па се до денес измина повеќе од година и половина. Дали во меѓувреме се преземени одредени мерки од Инспекторатот или сеуште се си останува само на сознанија и статус кво состојба.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине заменик министре, одговорете на дополнителното прашање.

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:

Што се однесува до конкретниот случај, а не е само конкретниот случај бидејќи имаме и други такви слични случаи, каде што поранешните концесионери си земале за право да го даваат земјиштето под коцесија на други корисници, со Законот за земјоделско земјиште давањето под концесија на било кој концесионер на друг е забрането, што значи дека под концесија може да го дава само Владата, односно преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Затоа, ние направивме и правиме увид во целата Република, бидејќи има и во други општини такви случаи, ангажирани се сите подрачни министерства, заедно со

Земјоделскиот инспекторат и дел од нив веќе ги добивме, односно ги добивме конкретните состојби, дел од конкретните состојби се испитуваат за да добиеме целосна конкретна слика на таа состојба и тогаш ќе преземеме мерки, односно ќе распишеме тендер за да можат да конкурираат оние кои имаат право да конкурираат за тие површини.

Што се однесува до овошниот насад, овшниот насад или не само овој туку има и други овошни насади, тоа се основни средства и тие одат во стечајна маса или ликвидациона маса, зависно претпријатието каде се наоѓа.

Се договоривме, односно заземавме став сите оние лозови или овошни насади кои се купени за време на стечај или пред стечај, земјиштето непосредно да им го даваме на тие што го купиле лозовиот насад со одреден надомест и за одреден период.

Блогодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодаам.

Господинот Илија Србиновски, не е тука.

Господинот Ѓорѓе Паљошковски не е присутен.

Го молам пратеникот Слободан Даневски,  да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Задоволен сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Славе Арсовски, да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за економија или сака да постави дополнителни прашање.

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Ќе одговорам сега за двете прашања, за да не губиме време. Задоволен сум од двата одговори на моите прашања бидејќи за првото е решен случајот, остана второто прашање.

Немам дополнително прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, господине претседателе.

Прашањето беше поставено во однос на средствата кои треба да се искористат од рускиот долг кон Македонија во висина од 42 милиони долари за ревитализација на ТЕ"Битола" и опремата за рудниците "Осломеј" и "Суводол".

Во одговорот од министерот за економија се вели дека средствата во висина од околу 27 милиони долари, колку што беа предвидени за ревитализација на ТЕ "Битола" 1, 2 и 3 се реализирани во договори за модернизација на турбините на Блок 1, 2 и 3, во вкупна вредност од 21 милион долари, но тука се заборава да се каже дека за многу помали средства ние би добиле 6,3 мегавати нова зелена енергија, но тој договор уште во старт беше поништен, а сега, што ќе биде натаму видовме. Значи, плус дополнителни пет милиони за секоја модернизација на турбината.

Она што во одоговорот не ми се допаѓа и воопшто не кореспондира со бројките кои се изнесени и во однос на тоа што треба да се работи, е тоа што се кажува, како што некоку пати говоревме, дека постојат оправдани и реални рударско-технички и технолошки можности за продолжување на векот на термоелектраните ако навремено се отпочне со отворање и експлоатација на јагленовите резерви. За тоа говориме повеќе од две ипол години. Овие средства кои се доделени се сите за термоелектраната и ниту еден долар од овој долг апсолутно не е предвиден за рудникот Брод - Неотино, ниту пак за подинските слоеви.

Во моментов се распишува тендер и како што кажав на 130 милиони евра нова опрема, тој тендер кога ќе заврши - затоа што е меѓународен, мислам дека ќе помине уште многу време, така што рудникот Брод - Неотино, како што и самите говорите дека Рудникот "Суводол" ќе овозможи работа на Термоелектраните до 2010 до 2011 година. Цело време говорам дека во енергетиката тие 10 години се можеби како една недела и многу е чудно што апсолутно ниту еден долар од овие средства не е искористен .

Дополнителното прашање би било:

Колку средства се предвидени и дали воопшто се предвидуваат за рудникот или овие 15 милиони ќе останат неискористени средства и колку изнесува еден дампер кој што е купен по вредност од 283 илјади долари, за кој кажувате дека е вред, но јас мислам дека таа цена е превисока во однос на реалните економски цени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете, министре, дали ќе одговорите на дополнителното прашање.

ФАТМИР БЕСИМИ:

Бидејќи прашањето имаше и некои конкретни детали, нив ќе ги доставиме во писмена форма. Инаку, од аспект на тоа дали се планира да се инвестира во рудникот, во рамките на Министерството за економија се размислува и на тој план и ефикасно расположивите ресурси за електрична енергија рационално да се искористат во земјата, така што поконкретно за прашањата кои беа поставени од аспект на вредноста, од аспект на тендерот што е објавен ќе ги доставиме дополнително во писмена форма за да се информира детално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Џезаир Шакири не е присутен.

(Реакција на пратеникот Спиро Мавровски)

Не, нема дополнително прашање, повеќе во одговор на писмено прашање. Кога ќе имате усно прашање, тогаш ќе имате право на дополнително прашање, ако сте задоволен.

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Задоволен сум од одговорот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Задоволни сте, благодарам.

Го молам пратеникот Благородна Мингова Крепиева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Повелете госпоѓо Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Благодарам претседателе.

Јас сум задоволна од одговорот, особено заради тоа што истиот е проследен до граѓаните кои го поставија како прашање преку Канцеларијата за контакт со граѓаните, кои исто така благодарат на брзиот и ефикасен одговор од Министрството за транспорт и врски.

Немам дополнително прашање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарм.

Го молам пратеникот Весна Борозан да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Повелете госпоѓо Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

До министерот за транспорт и врски поставив повеќе прашања, јас незнам за кое се однесува.

Задоволна сум од одговорите на сите прашања освен од одговорот на прашањето кое е во врска со барањето на семејството Бошковски.

Имено, се работи за објект кој го водат во Министрството за транспорт и врски како времен објект и не дозволуваат да се изврши пренос на сопственост на објектот. Меѓутоа, доколку е таква ситуацијата, доколку е времен објект, зошто тогаш е примена уплата на комунални такси од страна на семејството Бошковкси.

Барам дополнително да се испита овој случај и да се достави дополнителен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Борозан, претпоставувам одговорот на прашањето кој што сте го добиле - јас незнам дали тука има други прашања од Министрството за транспорт и врски, ако сте поставиле повеќе прашања, претпоставувам дека другите сеуште треба да ги добиете. Ние ќе провериме кое е тоа прашање.

Во секој случај, одиме понатаму.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека ова е одговор од министерот за транспорт и врски на прашањето што беше поставено за случајот “Комерцијални станови” и од одговорот апсолутно не сум задоволен, затоа што она што беше прашање зошто е склучен договор со Стопанска банка и зошто сите станови треба да се осигуруваат во Кјуби - Македонија апсолутно нема одговор, значи не постоел ни тендер, ниту начинот на кој се избрани овие две фирми. Од друга страна, Јавното претпријатие си зема за обврска, дирткторот - не знам дали со ова е запознат и министерот или како одговор само е проследен до мене, со тоа што се кажува дека јавното претпријатие ќе ги преземе обврските и ќе ја плаќа кон банката секоја разлика меѓу каматата од 8,4 и каматата со каматна стапка која ќе се определи од страна на банката, а од друга страна ќе ги подмирува и манипулативните трошоци на банката, кои банката вообичаено ги наплаќа од корисниците на нејзините кредити. Сега се прашувам од каде и со кои средства јавното претпријатие ќе ги исплаќа овие средства. Значи од Буџетот на Република Македонија.

Од друг страна, не како што се кажува во Договорот и во одговорот дека нема промени, туку има апсолутно големи промени, затоа што становите се ставаат под хипотека, договорите се прават директно со Стопанска банка, Јавното претпријатие повеќе не фигурира и тука се јавува тој проблем.

Овие луѓе да ги имаа парите во секој случај дека ќе ги земеа многу порано и ќе ги платеа со средствата кои што не можат да ги добијат од никаде, за разлика од многу граѓани во Република Македонија кои ги добија становите бесплатно, а на некои од нив дури им се вратија пари, затоа што плаќале поголема кирија. Тоа е она што е страшно во случајот. А од одговорот на министерот апсолутно не сум задоволен. Мислам дека ова не е одговор, туку само ги потврдува изнесените ставови дека Јавното претпријатие неправилно постапило во однос на овие договори за комерцијалните станови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Петар Апостолов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Што се однесува до одговорот, јас сум задоволен. Но, морам да напомнам дека сега и самото прашање и самиот одговор се веќе безпредметни, бидејќи тоа е веќе реализирано, се однесуваше за делницата на автопатот Е-75 пред Неготино пуштен е во сообраќај. Затоа мислам дека е безпредметно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Весна Борозан да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Благодарам. Во потполност сум задоволна од одговорот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Благородна Мингова Крепиева да се произнесе дали е задоволна од одговрот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Благородна Мингова Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Благодарам претседателе, се заблагодарувам на министерот за финансии за исклучително прецизниот одговор и од тие причини немам дополнително прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Ефтим Манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Задоволен сум од одговорот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседател, почитуван премиер и претставници на Владата, моето прашање беше насловено до Министерството за финансии во врска со повеќегодишниот проблем за неможноста да се царинат стоките на граничниот премин Деве Баир, иако тој ги исполнува сите стандарди. Одговорот е позитивен дека од 01 јануари ќе се воведе стоково царинење на граничниот премин Деве Баир и дека одредени работи треба да ги

сработи техничките работи треба да ги сработи Јавното претпријатие во смисла на обезбедување на опрема и профункционирање на магацинскиот простор. Меѓутоа, не гледам дека нешто се движи во тој правец, особено од Јавното претпријатие. Не е мое да укажувам на Владата дека најдобро би било граничните премини, односно Царинската управа да си ги контролира и терминалите. Верувам дека Владата ќе размислува во тој правец. Меѓутоа, јас би бил задоволен ако слушнам од министерот во овој момент дека наскоро навистина на Деве Баир ќе започне стоково царинење, за да не се носат стоките во Куманово и во Скопје на царинење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Јани Макрадули да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас сум задоволен од исцрпниот одговор што го добив од Министерството за финансии. Прашањето се однесуваше и беше од група граѓани во Канцеларијата за односи со граѓаните во општина Центар за сервисирањата на тајванските кредити. Јас сум задоволен. Ама џабе по весниците пишува кога некои станаа милионери на некој чуден начин и ништо не се случува во државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Јордан Михајловски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, јас воопшто немам што да коментирам по ова прашање. Ми беше речено дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не било надлежно да ми одговори. Сега во одговорот ми се кажува дека за тоа било надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Ме упатуваат на тоа, јас не знам како да постапам сега. Со оглед на тоа дека можам денеска да поставувам прашања, се работи за тоа дека Владата на Бранко Црвенковски во договор со бугарската Влада се договорија да ги укинат пунктовите за санитарна дезинфекција на возила на Деве Баир. Еднократно од наша страна е укинат санитарниот пункт, а на бугарската страна уште стои. Јас тогаш повикав на реципрочност. И повторно повикувам

на реципрочност со оглед на тоа дека тој пункт е затворен и државата губи пари, а на бугарска страна функционира. Тука е претставникот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, дали може денеска да ми одговори веднаш, како дополнително прашање, или прашањето да го поставам повторно во редовниот дел кога ќе има пратенички прашања денеска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Санде Џамбазовски, заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:

Во 1996 година се појави болеста лигавка и шап кај животните и поради тоа со наредба на министерот е воведено, односно без бариери на граничните премини со нашите соседи. По прогласувањето дека не постои оваа болест, дека таа веќе е надмината и не постои друга заразна болест кај животните која треба да се спречува без бариери, со одлука на Влада е укината таа одлука да постојат  без бариери на граничните премини спрема нашите соседи. Тоа го правеа ветеринарните станици кои што гравитираа во тие гранични премини, односно во тие општини каде што гравитираа. Со укинувањето на овие без бариери од наша страна се појави проблем претпоставувам. Затоа е и прашањето, бидејќи имаше ангажирано луѓе од ветеринарните станици, меѓутоа тоа беше за ограничено време. Претпоставувам дека тоа го знаеја и ветеринарните станици дека тоа е за ограничено време додека да се надмине проблемот со заразните болести. И такви без бариери се воведува само кога има заразни болести кај нас или кај некои од соседните држави. Со оглед дека во моментот нема такви заразни болести, затоа е укинато од наша страна.

Дали треба да има паритет, со оглед на тоа што бугарската страна има такви без бариери, јас не можам да дадам одговор, не знам кој е надлежен за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Ристана Лалчевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за одбрана, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам претседателе, со оглед на фактот дека ова прашање е поставено поодамна, јас го добив одговорот и во тогашно време бев задоволна од одговорот.

Меѓутоа, јас би го молела сега министерот, како дополнително прашање, да ми одговори дали навистина се внесени оваа категорија на офицери во Правилникот, затоа што претпоставувам дека во меѓувреме е изготвен Правилникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Јас прво би рекол дека тие офицери не можат, односно тие лица не можат да се внесат во Правилникот, затоа што Правилникот пропишува критериуми за доделување на станови. Секако дека тие лице кои што се врз основа на Одлука 3/92 од 1992 година со Одлука на Владата примени во редовите на Армијата, односно Министерството, секако дека тие ги имаат истите права како и сите други вработени во Министерството за одбрана, па и во Армијата. Така што тие лица се едни од конкурентите за доделување на службените станови по основ на редоследот кој што се прави врз основа на Правилникот за доделување на службени станови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Ефтим Манев дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за локална самоуправа, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Го добив одговорот од Министерството многу поодамна и половичен е. Се чека на постапка на Уставниот суд. Со еден таков одговор сепак сум задоволен, бидејќи нема што повеќе да ми се одговори, се додека Уставниот суд не го реши барањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам пратеникот Лилјана Поповска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за надворешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине претседателе, од одговорот сум делумно задоволна. Имено, моето прашање беше за положбата на македонското малцинство во Албанија, за мерките што се превземаат за подобрување на нивната положба. И конкретно, пред 4 месеци беше прашањето поврзано со тоа дали нашите претставници имаат реагирано на еден проект според кој македонските деца во Гора учеа на друг јазик во предшколска возраст, со што се овозможуваше директна нивна асимилација и отуѓување од својот мајчин јазик. Значи, на ова мое прашање, реков дека сум делумно задоволна. Имено, задоволна сум

во делот каде што јасно е искажана желбата и намерата да се преземат активности за подобрување на положбата на македонското малцинство во Албанија. Задоволна сум од оној дел во одговорот каде што се информира дека Министерството за надворешни работи ги иницирало овие прашања на највисоко ниво во билатералните средби. Тука сакам да и одадам посебно признание на министерката госпоѓа Илинка Митрева за нејзините очигледни напори на овој план. Меѓутоа, јас не сум задоволна од конкретните резултати на овој план. Ќе наведам само три работи кои што постојат како проблеми, а кои што Владата сеуште ги нема решено.

Прво, сеуште не постои можност да се изјаснат македонците во Албанија во пописните листи на својата земја како македонци. Графа за тоа има само за малото малцинство во регионот Мала Преспа, но не и во Голо Брдо, Тирана и други градови каде што живеат цели колонии македонци, според сите проценки најмалку над сто илјади.

Втор проблем, сеуште нема училишта на македонски јазик и никаде освен во Мала Преспа и македонците се подложни на директна асимилација.

Трет проблем, сеуште нема граничен премин кај Џепиште за да можат македонците од двете страни да комуницираат и заради роднинските врски, но и заради зачувување на стопанските активности. Значи, добро е што има добра волја и усно искажани заложби. Но, мене ме интересира кога ќе имаме и конкретни резултати преку кои ќе се подобрат условите за македонското малцинство во Албанија заради негување и искажување на својот национален идентитет.

И конкретно прашање до Владата, дали Владата има некоја конкретна програма, или акционен план усогласен, се разбира со претставниците на Албанија за тоа кога ќе бидат реализирани овие барање на македонците од Албанија?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Илинка Митрева, министер за надворешни работи.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Ако направиме статистика на плус и минус од страна на тоа колку пратеникот е задоволен со одговорите, сепак генерално гледано се согласува дека преземените чекори од страна на Владата на Република Македонија во однос на заштитата на македонското национално малцинство кое што живее во околните земји е приоритет на оваа Влада, дотолку повеќе што веќе тоа е објавено. Во Министерството за надворешни работи е формиран одделен сектор за иселеништво кој што се занимава само со оваа проблематика. Се разбира дека дел од прашањата што ги покрена пратеникот Поповска се предмет на зачестени комуникации и разговори со нашите соседи и дека во врска со

тоа навистина има добра волја да излезе во пресрет на барањето, особено делот кој што се врзува за школувањето на нашето малцинство во оваа соседна земја.

Во оној дел што се однесува на граничните премини мислам дека има еден одговор, а тоа е дека се извршени првите подготвителни работи за отворање на граничниот премин Џепиште, Требиште, кон Голо Брдо на границата со Република Албанија, онака како што тоа им го ветивме на нашите македонци кои што живеат на Голо Брдо. Потребно е да го добиеме одговорот, односно степенот на подготвеност од страна на нашиот сосед Република Албанија. Значи, оваа проблематика е предмет на наша постојана грижа и убедена сум дека работите на тој план добро ќе се движат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Со тоа завршивме со писмените одговори на пратеничките прашања. Треба да пристапиме кон поставување на пратенички прашања. Но, бидејќи ситуацијата со бројот на пратеничките групи е доста изменета, ќе дадам пауза од 15 минути. Ги молам претставниците од сите пратенички групи, стари и нови да се сретнеме во Охридската сала за да се договориме за распоредот.

Објавувам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,55 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа. По договорот што го направивме прв е пратеникот Ѓорѓи Трендафилов да постави три прашања во траење од 10 минути.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Барам од Владата на Република Македонија преку ресорното Министерство за образование до Собранието, до научната и до севкупната јавност во Република Македонија, да ги стави на увид содржините на новите наставни програми и новите наставни содржини по предметот Историја.

Тоа е моето прво прашање. Значи до Министерството за образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е барање, не е прашање. Вие барате на увид да ви се достави нешто.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Затоа што е сакам да шпекулирам со одредени информации кои се појавуваат во јавноста, со цел да се избегне шпекулирање на таа тема, најдобар начин јас да го добијам одговорот и сите што се заинтересирани во врска со наводните шпекулации, ќе

го анулираме со тоа што Министерството за образование ќе ни ги достави програмите и предлозите за новите наставни планови и новите наставни содржини по предметот Историја.

Или ќе го затвориме прашањето по овој проблем, или ова прашање ќе го продлабочиме и ќе го дебатираме во понатамошниот тек на работата на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, следното прашање?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Владата преку Министерството за внатрешни работи да одговори на прашањето, кои правни лица ги поседуваат полуавтоматските војнички пушки, некаде околу 4200-4300 парчиња, за што им се наменети на оние што ги поседуваат и дали Министерството за внатрешни работи нема намера да се занимава со оваа појава малку посериозно и поодговорно. Тоа е второто прашање.

Третото прашање е исто до Министерството за внатрешни работи. Дали Министерството за внатрешни работи има извршено внатрешна инспекција во своите редови во рамките на активностите кои Министерството за внатрешни работи ги има превземено при приведувањето на четирите лица осомничени во таканаречениот случај Раштански лозја, затоа што министерството за внатрешни работи во слични случаи се извинува пред македонската јавност со месеци кога станува збор за слична операција која се изведува во други делови од земјава. И дали Министерството за внатрешни работи забележало одредени пропусти и прекумерна употреба на сила при изведувањето на самата акција. Затоа што сите сме свесни дека такви обвинувања се стигнати и до Собранието на Република Македонија.

Тоа се моите три прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, првото прашање, или барање, не знам како заменикот министер за образование тоа ќе го сфати, е до Министерството за образование во врска со наставните програми.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Министерството за образование и наука постапува по закон. Таму се наведени надлежностите и начинот и постапката како се пропишува подзаконски акт за новите наставни планови и програми на предлог на Бирото за развој. Министерот формира експертска група, која што е квалитетно составена и од Македонци и од Албанци, кои што работеа доста напорно, поголем временски период и дадоа соодветни предлози за новите наставни содржини, така да, кога ќе бидат потполно спремни и завршена

процедурата, тие ќе бидат дистрибуирани до училишната мрежа. Јас не знам како пратеникот има осмислено дека е потребно до него да биде доставено. До колку не е задоволен од овој начин на одговорот, ќе го добие во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот. Ако не е задоволен дали има додатни прашања.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да го поедноставам прашањето, да не биде моето излагање премногу комплицирано за заменик министерот за образование и наука. Значи информациите кои се стигнати до нас говорат дека  во рамките на активностите на Министерството за образование и наука, поучени од претходното искуство, дека вие и вашиот претпоставен министерот за образование и наука, најчесто ги усложнувате или предизвикувате проблемите во сферата на образованието во Република Македонија. Од тие причини, барам да ми ги доставите работните текстови на сите експертски групи кои работат под капата на Министерството за образоание и наука, или ги финансирате вие.

Вашата гримаса воопшто нема да ви помогне, значи јас сакам тоа да се достави до мене, пред да биде дистрибуирано до училишната мрежа, затоа што и во минатото тврдевте дека проблемот не постои, а потоа излезе дека проблемот всушност, го предизвикувате вие. Јас сакам едноставно да видам дали е тоа вистина што се пишува во јавноста дека историјата, односно наставните содржини по предметот Историја се всушност, повеќе прашање на политички компромис, а многу помалку станува збор за наука, историографија и за фактографија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Второто прашање е упатено до Министерот за внатрешни работи, во врска со бројот на полуавтоматски пушки.

Повелете господине министре.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Прашањето е чиста шпекулација дека во Македонија има 4500 полуавтоматски пушки. 4500 полуавтоматски пушки нема во Република Македонија дадено. На претходната седница кажавте дека  1500 само на една агенција. Да ве известам прецизно во Македонија има издадено 110 парчиња оружје на агенциите, од кои што 100 се пиштоли, три полуавтоматски пушки и седум ловџиски пушки вкупно. Значи таа бројка што ја кажувате воопшто не е точна.

Друго, иститe се дадени согласно Законот за обезбедување имоти и лица. Да ве известам, освен агенциите за обезбедување има и правни лица кои што поседуваат 1380 парчиња полуавтоматско оружје. Сметајте дека тука се смета за полуавтоматско и пиштоли кои се полуавтоматски. Полуавтоматски пушки поседуваат уште од времето на 1991 година и порано, фирми, поседуваат хидросистеми, поседува електродистрибуција, поседуваат пошти, банки и тн. за заштита на својот имот.

Значи, има правни лица кои што се според законот овластени да го штитат својот имот, а да не вршат услуги за трети лица.. За агенциите што прашувате ви го кажав бројот и таа е бројката. Ова што го кажувате 4500 парчиња, не знам од каде ви е тој податок. Мислам дека е чиста шпекулација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сте задоволни господине Трендафилов?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитуван господине министре, јас никогаш не сум ја кажал бројката 4500. Мислам дека зборував за 4230. Никогаш од овие 4230 не тврдам дека се во сопственост на агенции за обезбедување на имот и затоа прашањето што ви го поставив, зборував за правни лица и вие сакате да ми кажете пример дека имотот и сопственоста на ЕСМ е подрагоцен во ваши очи, отколку имотот на граѓаните, бидејќи граѓаните не можат да го поседуваат тоа оружје. Значи, да не се надмудруваме, јас едноставно, барам од вас на ова прашање писмен одговор, со тоа што во писмениот одговор ќе се содржи правното лице, бројот, типот и серискиот број на полуавтоматското оружје, без оглед дали станува збор за полуавтоматска војничка пушка, или за полуавтоматски пиштоли, како што вие велите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И третотопрашање е упатено до министерот за внатрешни работи.

Повелете господине министре.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Да појаснам дека ви дадов усмен одговор. Тоа што го барате со сериски броеви не сум должен писмено да ви одговорам, кога ви дадов усмен одговор. Ви го кажав бројот кој што го поседуваат правните лица, ви го кажав бројот кој што го поседуваат агенциите за обезбедување, кои вршат услуги на трети лица и ви го кажав видот на оружјето што го поседуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На дополнителното прашање можете исто така усмено да одговорите. Значи одите сега на третото прашање ве молам.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Второто прашање, мислам имаше три прашања. Второто прашање е околу тоа дали е извршена ревизија. Се извинувам господине претседателе. Имаше три прашања вкупно, не две.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Одберете едно од тие три прашања да одговорите, бидејќи едно прашање се поставува.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Добро, јас ќе ги спојам двете во едно. Значи второто и третото прашање во еден одговор ќе ги дадам, бидејќи Министерството за внатрешни работи поднело кривична пријава околу случајот Раштански лозја и истото се наоѓа во судска надлежност. Околу евентуалните пречекорувања што почитуваниот пратеник ги спомна, има Комисија, односно внатрешната контрола врши увид, ќе го известиме пратеникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас ќе ви бидам благодарен за времето што вие господине министре со внатрешната контрола ќе го посветите и ќе бидам трпелив, ќе го почекам одговорот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот за поставување на прашање е  господинот Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почкитуван премиере, почитувани министри, почитувани пратеници.

Ќе поставам три прашања.

Првото мое прашање ќе го поставам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Веќе четврти или петти пат за врее на мојот пратенички мандат го поставувам прашањето што буквално ги засега сите граѓани на Ресен и Преспа, односно проблемот со пласманот на јаболката.

Во делот од договорите за слободна трговија, јаболкото е застапено со неповолни решенија. Така во договорите со одредени земји, извозот на македонското јабилко е ставен на контингент. На пример со Република Хрватска, Турцијаи Бугарија.

Контингетите од претходниот став се мали 1000-3000 тони годишно. Одделни контингенти, на пример, Бугарија се условени со намалување на редовната цена и тоа после 1.01. од реколтата од претходната година.

Прашувам кои се контра производите што се наоѓаат на листите на контингентите, заради чиј увоз во Република Македонија, се ограничува извозот на јаболко од неа.

Зошто државата прифаќа ограничување на увозот на јаболка со скратени, наместо сосема елиминирани царински оптоварувања, надополнети со количински ограничувата на извозот, како што е примерот со Бугарија.

Зошто државата во поглед на извозот на јаболкото, не го применува принципот на зголемување на квотите на начин на кој тоа се чини на пример со извозот на името.

Во рамките на заштитата на своето земјоделско производство, земјите на Европската унија, но и други, пред се европски земји користат заштитни механизми.

Кои сродни мерки на заштита на домашното производство на јаболко ќе ги превземе нашата држава и тоа уште во текот на престојната сезона.

Второто прашање ќе го поставам до Министерството за финансии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Гештаковски со ова прашање имавте четири прашања. Ве молам сега на следниве прашања да поставите по едно прашање, бидејќи самиот заменик министер не може да се снајде кое прашање да го одговори.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Претседателе јас доаѓам на ред еднаш годишно. Ако сега овие три прашања што се во еден конгломерат прашања од едно министерство и може да се одговорат наеднаш. Ќе ми треба време цел мандат за трите прашања да ми се одговорат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можеби заменикот ќе знае или ќе може да одговори на сите четири прашања.

Повелете за второто прашање.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Второто прашање го поставувам до Министерството за финансии. Најпрвин околу царинската политика. Во доменот на увозот на јаболка, постои изграден режим на царинска заштита, која е во соодветна функција. Меѓутоа, не задоволува царинската заштита во поглед на увозот на јужното овошје. На пазарите се јавува увоз, особено на банани, портокали и слични овошја во количини за кои се смета дека се над нивото на реалната потрошувачка на домашниот пазар, заради што таа се стимулира со квалитет кој често е наменет за индустриска преработка, а на нашите пазари, заради пониските увозни цени, завршува во форма на конзумен производ.

Се поставува прашањето: Постои ли изграден режим, според кој во нашата земја може за конзумна употреба да се увезува само јужно овошје кое ги исполнува критериумите на Европската унија, особено, кога тоа се увезува од земјите на Европската унија, како нивен производ, или трговски артикал за нивна потрошувачка.

Царинската управа на Македонија го има лимитирано протокот на информации на релацијата извоз на јаболко по земји, количини, цени и извозници, односно увоз на јужно овошје по земји, количини, цени и увозници. Со тоа е прекинат еден извонреден извор на следење на реалните состојби во извосно увозната состојба и нивните влијанија во набљудуваните сегменти.

Дали е можно преку Државниот завод за статистика Јавното претпријатие “Агро-берза”, во однос на Стопанската комора на Македонија да се изгради еден систем и да се овозможи употребна транспарентност на тие податоци од страна на непосредните производители.

Во доменот на кредитната политика ИНФАТ 2 не ги исполни очекувањата. Земјоделците од Преспа се соочени со многукратно повисоки каматнми стапки на банките кои го сервисираат овој кредит од 7 до 9%, во однос на каматните стапки под кои државата ја користи оваа кредитна линија од 0,75%. Кратки отплатни рокови по две години, во однос на рокот во кој државата треба да ја отплати кредитната линија, која честио пати е изразена во децении. Лоши гарантни услови, особено кај хипотекарниот дел, кој се врзува пред се, за поседување на деловен простор во градски населби, со што се исклучуваат од негово користење најголем број на земјоделци од селските населби.

Затоа го поставувам прашањето: Кои мерки ќе ги превземат надлежните органи на Република Македонија во санирањето на оваа состојба.

И на крајот околу фискалната политика. Воведувањето на максималната стапка на ДДВ од 18%, како за земјоделската механизација, така посебно за средствата за заштита и исхрана на растенијата, директно влијае врз формирањето на цената на чинење на јаболкто на повисоко ниво, од она кое тој објективно може да го поднесе, кога се реализира како на домашниот, така и на странските пазари. Дали е можно да се изнајде решение кое ќе им овозможи на производителите индиректен пристап за враќање на платеното ДДВ, поткрепено со фискална и друга документација за набавка на опрема и средства за заштита и исхрана на овошките во тековната година.

И, третото мое прашање ќе го поставам до Министерството за надворешни работи.

Веќе педесетина години, никао да се исполни желбата на граѓаните од Преспа за отварање на граничниот премин Маркова Нога во село Долно Дупени, со Република Грција. Ова прашање станува уште по актуелно, со двата големи проекти, кои се

спроведуваат во Преспа, односно проектот Преспа Парк, финансиран од Европската унија и се однесува на целиот географски простор на Преспа, односно делот во Република Албанија, во Република Македонија и во Република Грција и Проектот евро регион. Отворањето на овој граничен премин би значело целосно заживување на Преспа во секој поглед, а посебно за граѓаните на Долна Преспа. Од македонска страна патот е изграден до самата граница. Имам информации дека и од грчка страна почнало со изградбата на патот до самата граница. Во последно време гледам една хиперактивност на Владата на Република Македонија околу отворање на нови гранични премини кон Република Србија, посебно во делот со Косово и со Република Албанија, заради олеснување на животот на граѓаните од двете страни на границата.

Аналогно на тоа го поставувам прашањето, дали Владата на Република Македонија планира да го отвори ова прашање со грчката Влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Првите прашања се до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Ве молам, ако можете да одговорите, беа 4, јас ги нотирав.

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:

Можам да одговорам на тој дел каде што сметам дека можам да одговорам и се во надлежност каде што јас учествував во преговорите за трговските односи со Европската унија и трговските односи со земјите членки на ЦЕФТА. Другиот дел, со другите, земји не сме учествувале, односно учествуваме со наш претставник од Министерството, меѓутоа тие преговори ги води Министерството за економија.

Јас ќе одговорам само на оној дел каде што јас ги водам преговорите, а се разбира заедно со Министерството за економија, Министерството за финансии и т.н.

Во договорите за трговските односи со Европската унија се договорени сите наши производи без исклучок одат без царина во сите членки на ЕУ, освен виното каде што имаме без царинска квота од 395 илјади хектолитри. Тоа е квота која сеуште целосно не се исполнува, што значи дека имаме добра бесцаринска квота со ЕУ и имаме квота за морска риба, ние морска риба немаме. Имаме квота за ББ-див.месо и тоа немаме, така да сите други производи одат без царина.

Од Европската унија во Македонија не може ни еден производ од типот на овошје и зеленчук да влегува без царина во Македонија, што значи дека тука имаме многу поголем однос, односно поволен Договор со ЕУ во трговскиот дел каде што сите наши

чувствителни производи како што се зеленчукот, овошјето, млечните производи, месните производи, тие кои што за нашата држава се многу чувствителни, не можат да влезат, од ЕУ мора да се плаќа полна царина во висина од ММФ.

Што се однесува до земјите членки од ЦЕФТА бидејки сега траат тие преговири, ние со Бугарија по Договор за слободна трговија има одредена квота за извоз на јаболка во Бугарија без царина. Сега имаме поднесено барање таа квота да се зголеми. Јас очекувам дека ќе се зголеми, не можам сега да кажам колку, бидејќи втората рунда на преговори ќе биде во текот на февруар месец.

Воведовме нова квота со Романија, бидејќи ги завршивме завчера преговорите, таму воведовме нова квота за јаболка бидејќи сметавме дека јаболката се чувствителен производ кој што треба да се извезува, бидејќи Македонија не може да го потроши целото јаболко.

Сите земји си ги штитат своите земјоделски производи и затоа имаме проблем во тој дел на зголемвуање на таквите концесии, но морам да спомнам дека ние на никого не даваме да влегува зеленчук и овошје, во дадениот случај јаболко во Македонија без царина.

Во Бугарија и покрај тоа што имаше квота, само оваа година е исполнета квотата за извоз во Бугарија од македонско јаболко. Претходните години квотата која што постоеше не се исполнуваше, што значи дека имаме еден тренд на извоз на јаболкото. Тоа е едното прашање, незнам колку ќе бидете задоволен во тој дел.

И, второто, бидејќи имаше за ИФАТ, ќе одиме по ред или да го одговорам и тоа прашање кое што беше поставено во врска со ИФАТ кредитите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Задоволен сум во делот што слушнав дека веќе се направило напори и има доставено барање до Република Бугарија за зголемување на контингентот. Ние пред неколку дена, пред два , три дена, до претседателот на Владата испративме барање од Ресен за зголемување на оваа квота на два до три илјади тони и ме радува фактот што Владата толку брзо промпно реагирала.

Исто така ме радува фактот што се прават напори за извоз на јаболкото и во Република Романија. Но, ме интересира околу проблемот со јужното овошје и затоа барам писмен одговор, дали се почитуваат критериумите, дали влегува само конзумно јужно овоштие, посебно од државите од Европската унија бидејќи толку голема количина,

преплавени се пазарите во Република Македонија од јужно овошје со сомнителен квалитет кој наликува на производство на индустриско јужно овошје, а не конзумно.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање беше до Министерството за финансии.

Повелете г-дине министре имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претседателе, второто прашање практично, се 4 прашања. Јас би сакал кратко да одговорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас напоменав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не, не, нема проблем за тоа.

Првото прашање е во врска со увозот. Сите работи што беа потенцирани од пратеникот се регулирани со закони и акти на Република Македонија, тие базираат на нашите обврски и договори со Светската трговска организација, на Договорот за стабилизација и асоцијација и трговија со Европската унија и на билатералните договори за слободна трговија кои ги имаме потпишано со 9 држави во соседтството и во регионот. Таа политика нема да може да се менува затоа што веќе е со обврски кои се ратификувани или со закон договорени, па подоцна усвоени од овој Парламент.

Второто прашање кое што беше упатено до Министерството за финансии, а се однесува за евиденција која треба да ја дадат Заводот за статистика, Јавното претпријатие “Агроберза” и Стопанската комора на Македонија, Министерството за финансии не е надлежно на овие институции и не можам да одговорам, а дел од нив не се ниту државни организации за да може Владата во нивно име да одговара.

Третото прашање во врска со кредитот ИФАТ-2, не се согласувам со оценката на пратеникот дека кредитот не е целосно, не се сеќавам на зборот кој беше употребен, меѓутоа дека кредитот не ги исполнил целите, морам да го соопштам следново: кредитот кој Владата го има подигнато, а Собранието ратификувано има гаранција по тој заем е со исклучително поволни услови. Во нашата држава како и во сите современи држави кредитите не се реализираат на релација држава-правни лица, и држава, во овој случај земјоделски производители, туку одат преку банкарскиот систем. Поволните услови од државата се обезбедени. Понатаму, банките кои оперираат со кредитите, такви услови за

обезбедување на крајните корисници наметнуваат, се пазарни услови кои банките ги регулираат во нивната меѓусебна конкуренција и Владата тука во овој момент не може да навлегува, ниту која држава во светот вклучувајќи ја и Македонија не може да се меша во каматната или должничка политика на банките кон субјектите.

Четвртото прашање по однос на некои детали од Законот за додадена вредност во оваа година и во оваа Влада не планира никакви промени во Законот за ДДВ, значи остануваме на постојните позиции.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Не можам да бидам задоволен бидејќи нема ништо да се поправи во одредената ситуација, посебно околу ИФАТ-2 кредитите. Не ги исполнува очекувањата бидејќи има исклучително лоши гарантни услови. Сега тоа не е работа на Владата, но јас прашав дали е можно некои мерки да ги преземат надлежните органи односно дали можат некоја соработка со банките на Република Македонија, гарантните услови барем да не бидат толку строги бидејќи земјоделците немаат делвоен простор во градовите. Во стварност овие кредити остануваат само пуста желба на земјоделците. За тие што се наменети не можат никао да стигнат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ова ми е како едно дополнително прашање, дали министерот чувствува потреба да одговори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

По моја оценка кредитот не е незадоволителен, туку се одвива со добра динамика, има се поголем број корисници во цела Македонија кои подигнуваат кредити. Тоа што Владата најмногу може да го направи е да склучи меѓународен заем, поволен, и да го дисперзира менаџирањето со кредитот на поголем број на банки за да имаат меѓусебна конкуренција во каматните стапки и условите за кредитирање на приватните земјоделци. Тоа Владата го направи. Понатамошно мешање односно како што беше упатено на наша интервенција кај банките за тоа да направат, тоа не можеме ниту сакаме да го направиме, тоа би било мешање во деловната политика на приватните банки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Третото прашање е до Министерството за надворешни работи.

Повелете госпоѓа Митрева.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Отворањето на гранични премини односно олеснувањето на комуникацијата во пограничните подрачја е еден од приоритетите на Владата на Република Македонија и е елемент од позитивен карактер во остварувањето на добрососедската политика. Во таа насока особено во делот на прашањето на пратеникот, сакам да кажам дека кон Репбулика Грција има 4 гранични премини кои се во функција, тоа е Гевгелија како железнички премин, Света Богоодица како патен премин, Меџитлија и Дојран. На сите наши средби со грчките партнери го поставуваме и прашањето за отворање на граничен премин кај Маркова Нога.

Освен ова наша иницијатива е отворањето и на други два гранични премини кон Грција, тоа е Николиќ кај Стар Дојран и Пуравац. Инсистираме на овој значаен елемент од комуникацијата со соседите бидејќи тој со себе носи не само повисок степен на економска соработка, туку воопшто подигнување на нивото на соработка меѓу граѓаните од двете земји и претставува еден нов модерен европски манир на комуникација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали е пратеникот задоволен од одговорот.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот бидејќи гледам дека ќе се отвори прашањето за отворањето на граничниот премин, кој е многу важен за граѓаните на цела Преспа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следниот пратеник да постави три прашања за 10м минути е пратеникот Коце Трајановски.

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Јас ќе поставам три прашања.

Првото прашање е до Министерството за надворешни работи и тоа гласи: По најавувањето за скорешно затворање на проблемот за одбележување на границата со Косово, ова прашање продолжува да биде неразрешено. Доколку се погледне проблемот од аспект за најавите за скорешно решавање на статусот на Косово како и можните проблеми кои би се јавиле при таа разрешница, логично се наметнува заклучокот дека во

интерес на Република Македонија е да ги затвори отворените прашања со северниот сосед, зошто во спротивно тие отворени прашања би можеле да се искористат како основ за вовлекување на Република Македонија во идното можно потенцијално кризно жариште.

Овој процес се влече со години, Од Министерството не може да се забележи некаква засилена дипломатска активност за негово решавање. Прашањето гласи: Дали Министерството за надворешни работи во координација со Министерството за одбрана може да достави прецизен план и методологија до каде е процесот на решавање на ова прашање и кој е рокот за негово разрешување. Тоа е првото прашање.

Второто прашање до Владата на Република Македонија.

Во јавноста постојат инфорамции дека голем број на граѓани воглавно по партиска линија работат со договор за дело во министерства, јавни претпријатија, во општини и слично. Тоа се големи средства кои што се издвојуваат од Буџетот, меѓутоа не се децидно евидентирани во Буџетот, знаеме дека приближно околу 400 илјади невработени се во Република Македонија. Мислам дека тие заслужуваат еден транспарентен начин на решавање на нивното прашање во кој сите нормално доколку биде транспарентно ќе имаат исти услови при добивање на работа.

Покрај тоа, има и потпрашање, има функционери т.е. пратеници кои се ангажирани и во Кабинетот на претседателот и во Владата на Република Македонија и на некој начин тоа се граѓани кои на два начина го решаваат своето финансиско прашање. Прашањето би гласело: Колкав е бројот на работници ангажирани по Договор за дело, колку средства се издвојуваат од Буџетот за тоа, и кога и како ќе се реши нивниот статус?

Трето прашање, до Владата на Република Македонија.

Имено, поранешниот, екс премиер Хари Костов при оставката како една од причините ја наведе корупцијата и криминалот во Владата. Пред неколку дена потпретседателот на Собранието, Хисни Шаќири исто така при својата оставка како една од причините ја наведе корупцијата и криминалот во ДУИ, т.е. неговите функционери кои се коалиционен партнер во Владата. Прашањето гласи: Што превзема Владата т.е. премиерот за откривање, сузбивање и казнување според закон на корумпираните и криминални функционери, според кажувањето и оставките на Хари Костов и Хисни Шаиќри и нивните соработници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање е до Министерството за надворешни работи.

Повелете госпоѓо министерке,

ИЛИНКА МИТРЕВА:

На почетокот морам да кажам, очигледно дека пратеникот не ги следи во медиумите активностите на Министерството за надворешни работи врзани за ова исклучително важно прашање за Република Македонија, за демаркацијата на границата со Србија и Црна Гора во делот на Косово затоа што само пред три дена во Њујорк имав средба со генералниот секретар на Обединетите нации г-динот Кофи Анан, разговор на кој што се разбира ова прашање имаше висок приоритет.

Ставот на Владата на Република Македонија е познат, меѓутоа очигледно е дека и во оваа прилика треба да се потсети дека наша позиција е дека ова прашање треба да се затвори во текот на 2005 година, пред почетокот на разговорите за финалниот статус на Косово и тоа е позиција на која што ние инсистираме во сите разговори со претставниците од Европската унија, но и со други претставници од Меѓународната заедница.

Јас сакам само да потсетам во оваа прилика бидејќи беше речено дека со години не се решава ова прашање врзано за демаркацијата на границата, договорот за опис и протегање на границата е склучен 2001 година, а дека во ноември 2002 година беше на симболичен начин одбележан чинот на почетокот на демаркацијата со средбата на министрите за надворешни работи на тромеѓето помеѓу Република Македонија, Бугарија и Србија и Црна Гора и оттогаш отпочна процесот на одбележување на границата. Во делот кон Србија и Црна Гора се одбележани најголем дел од 80-те км. на оваа граница.

Во однос на делот кон Косово, се разбира дека ние сме во овој момент во ситуација да го идентификуваме собеседникот или партнерот од другата страна во однос на овој процес и на таа основа се водат разговори со УМНИК, но исто така политички разговори со Белград, а стигнуваат одредени поумерени политички пораки од Косово. Значи, ова е тема која што е дежурна во агендата на МНР.

Заклучокот од средбата со генералниот секретар на Обединетите нации во Њујорк е дека Обединетите нации се заинтересирани да се изнајде начин за решавање на ова прашање и го застапуваат нашиот став да се засилат овие разговори за да може што побрзо да се почне со одбележувањето на границата во овој дел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Трајановски дали сте задоволни од одговорот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас би потенцирал дека не сум целосно задоволен бидејќи навистина ова е едно дежурно прашање и се провлекува години наназад, како што рече и министерката во 2001 година е склучен Договорот.

Еве сега пред неколку дена во медиумите исто така гледаме дека статусот на Косово ќе се решава 2005 година. Ние веќе сме во 2005 година. Значи, добро е што Генералниот секретар на Обединетите Нации размислува како што ние расмислуваме за решавањето на границата, меѓутоа претседателот на Косово, на протекторатот Косово изрази резервираност спрема границата и тоа беше она дополнително што ги вознемирува македонските граѓани. Очигледно дека Министерството за надворешни работи ќе треба да направи навистина исклуителни напори бидејќи ова е едно од многу значајните прашања за Република Македонија, доаѓа периодот кога треба да се реши статусот на Косово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Прашањето е до Владата.

Повелете господине премиере.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Во овој момент  колку лица имаат договори за дело, колку тоа ја чини државата и што планира Владата да направи, за сето тоа има извештај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И второто прашање е до Владата, во врска со изјавите за корупција.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Владата најсериозно се вклучи во борбата против корупцијата и организираниот криминал. Она што може да го направи Владата ќе ги стесни досега прекомотните овластувања кои ги имаа министрите и делот на државните службеници. Другото ќе зависи од органите на прогонот и сите чинители кои се вклучени во борбата против организираниот криминал и корупцијата како еден од организираниот криминал.

Какви ќе бидат резултатите ќе покаже времето. Во секој случај најсериозно пристапуваме кон решавањето на овие проблеми не само како резултат на препукувањата внатре партиските пресметки на една од владеачките партии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Коце Трајановски, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас би истакнал дека ќе ја поздравам иницијативата на премиерот за скратување на дискреционите права на функционерите, во конкретниот случај можеби на министрите во Владата, меѓутоа тоа е за во иднина.

Значи, ова се сериозни изјави од сериозни функционери. Првиот човек на Владата кој при својата оставка посочува за корупција и криминал и вториот човек на Собранието, член во високото Претседателство на една владеачка партија мислам дека се многу сериозни за една држава. Затоа ние и како опозиција и нормално како секој граѓанин ни се поставува прашање дали ќе се открие некој од овие функционери кои што навистина, ако треба да се докаже, ја злоупотребиле својата функција и направиле корупција и криминал. Граѓаните бараат факти, бараат луѓе бидејќи сепак ќе испадне дека ние, доколку се покаже дека не е така, навистина сме имале премиер и потпретседател на Собрание кои што даваат паушални изјави.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Каков е дополнителниот коментар, премиере, бидејќи немаше дополнително прашање.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Имаше дополнителен коментар на кој имам и јас дополнителен коментар.

Да не биде заборавено дека врз основа на основаните сомневања кои ги правеше поранешниот премиер преземени се сите дејствија и процесуирани се неколку случаи за кои чекаме надлежните органи да го кажат своето мислење. Јас не би сакал ниту законодавната власт, ниту извршната власт да ја преземат улогата на судската власт.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следниот пратеник кој ќе постави три прашања е господинот Абдулаќи Адеми.

Повелете, имате 10 минути.

АБДУЛАЌИ АДЕМИ:

Ви благодарам господине претседател, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани пратеници,

Првото прашање е до Министерството за транспорт и врски и се однесува до Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловни објекти.

Ова претпријатие стопанисува со еден соодветен број на станови и деловни објекти. И покрај тоа има проблеми во врска со користењето на овие објекти од јавните општински претпријатија. Овие јавни општински претпријатија корисат еден голем број на такви објекти, со што е создадена една конфузија за тоа кој треба да стопанисува со овие објекти.

Прашањето е: што предвидува Владата или Министерството за транспорт и врски за да ја уреди оваа проблематика.

Одговорот на ова прашање го барам писмено.

Второто прашање е до Министерството за култура.

Врз основа на Законот за култура и Националната програма за култура која е донесена во овој Парламент се предвидува Министерството за култура да изготви Годишна програма за култура.

Прашувам: дали е изготвена оваа Годишна програма за 2005 година и што предвидува таа програма. Која е распределбата на финансиските средства за културата во целост за 2005 година.

Третото прашање е до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на договор за продажба на Комбинатот “Југохром” меѓу Владата и купувачот на “Југохром” покрај договореното се предвидува сега веќе “Силмак” во своите активности да се грижи и за заштитата на животната средина. Но, сведоци сме дека до овој момент “Силмак” е најголемиот загадувач на животната средина во тоа подрачје, испуштајќи гасови од оџаците на комбинатот.

Врз основа на некои информации концентрацијата на гасовите кои се испуштаат од оџаците на Комбинатот “Силмак” е над дозволената концентрација.

Прашувам кои се активностите кои ги презема Министеството за животна средина и просторно планирање за да ја регулира концентрацијата на гасовите штетни за човекот во тоа подрачје. Доколку се докаже дека таа концентрација на гасовите е штетна и поголема од дозволената концентрација кои би биле понатамошните чекори на ова Министерство во оваа насока.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Иако првото прашање е до Министерството за транспорт и врски и беше побарано писмен одговор, ако може претставникот на Министерството за транспорт и врски да одговори, сепак е по ваш избор.

Повелете господине министре.

ЏЕМАЛИ МЕХАЗИ:

Сепак јас ќе го почитувам прашањето на пратеникот и предлогот писмено да му се одговори на прашањето, со тоа што мислам дека подобро и подетално на прашањето ќе се одговори бидејќи прашањето беше многу прецизно и бара прецизни информации. Дополнително и јас како министер треба да ги погледам и да му одговорам на тоа што го бара.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Сепак писмено ќе добиете одговор на првото прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за култура во врска со Годишната програма за 2005 година.

Повелете.

Има збор заменикот министер за култура.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Годишната програма на Министерството за култура е Годишна програма за остварување на националинот интерес во културата и Програмата за 2005 година донесена, објавена во средствата за јавно информирање и е поставена на ВЕБ страницата на Министеството.

Таа ги покрива сите обврски што се во надлежност на Министерството за култура и е составена врз основа на критериумите. Објавени се три објавувања на конкурсот, претходната година во месец мај на кој конкурираа институции, невладини организации и поединци.

Изборот на приоритетите кои врз основа на критериумите го одразуваат националниот интерес во културата го прават комисии по одделни општини, области и врз основа на резултатите од работата на комисиите е составен изборот на проекти и проекти кои ќе се поддржат.

Од пред десет дена таа е поставена на ВЕБ страниците и е достапна до јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот.

АБДУЛАЌИ АДЕМИ:

Да, задоволен сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е упатено до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Има збор заменикот министер на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Повелете.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Што се однесува до состојбите на загадувањето на просторот околу “Силмак”,тоа е фабрика која навистина работи една тешка индустрија, која секако ги има овие можности и евидентно еден поголем временски период, но точно е тоа дека со преземањето на фабриката од новиот газда, поточно сегашниот “Силмак”, склучен е договор со тогашниот претставник на Владата и новиот газда во кој што за жал има една одредба која што е крајно негативна по однос на одржувањето на животната средина на овој простор. Но без разлика на сето тоа Министерството за животна средина во изминатите две години на ова поле постигна исклучително големи резултати, можеби и најголемиот резултат што го направи. Тоа е санирањето на депонијата на шестовалентниот хром со поставување на претпунктна станица, дренажен систем, систем за дренажа во населеното место, како и системот на дренажа на бунарите на постојната фабрика од поранешен “Југохром” сегашен “Силмак”. Тој систем веќе заврши со пробна работа и можам да кажам дека од 1.01. веќе работи двосменски, така да севкупната вода која е загадена со шестовалентен хром на овој простор се чисти и водата која што се влева во Вардар е апсолутно чиста.

На крајот на краиштата нема веќе да има опасност од загадување на изворите на Рашче, бидејќи “Силмак” се наоѓа токму во првата заштитна зона на Рашче.

Тоа е делот на она што значи пречистување на водите, подземните води.

Што се однесува до делот на санација на почвата и тоа се прави согласно времено испирање и пречистување во пречистителната станица.

Останува отворено прашањето што го потенцира господинот - концентрацијата на загадувањето со гасови.

Во договорот “Силмак” е ослободен за наредните пет години да не вложува во делот на заштитата од аерозагадувањето, но за жал никаде во законот не пишува дека има право да загадува.

Тоа е едната солуција заради која Министеството влезе во активности со компанијата и се правеа интензивни разговори.

“Силмак” веќе има набавено филтри. Наша заложба е, се разбира користејќи ги сите правни регулативи да настојуваме што е можно побрзо овие филтри да бидат инсталирани и еднаш засекогаш овој дел од загадување да биде разрешен.

Верувајте дека тоа е процес на договарање каде што нормално другата страна ги гледа своите интереси, но мислам дека и во овој дел ќе имаме позитивни резултати,

бидејќи Министерството презеде активности и на овој план со тоа што изврши мерења од своја страна и мерења од овластената лабараторија. Но, морам да кажам дека се констатира само поголема количина на пепел од дозволената, но за среќа на населението и просторот нема поголеми токсични загадувања од тешки метали. Единствено има поголема концентрација на силициумот и тоа оксиди, кои што е штетен но не во тие граници кои што би биле во овој момент алармантни.

Алармантна е ситуацијата што неговата концентрација навистина е изнад дозволените граници, но истата таа ќе биде ефикасно решена на неколку начини. Со подобра суровина, подобра технологија или со вградувањето на филтрите кои веќе се набавени и кои бараат процес на нивна инсталација.

Нашето настојување во наредниот период ќе биде да ги искористиме сите правни механизми и овој процес да го затвориме така да овој простор биде навистина преобразен и биде прав начин на рекултивација на овој простор.

Овој момент користам прилика уште еднаш да се заблагодарам на Европската унија за помошта што ни ја даде во делот од финансиската страна во вредност од милион евра, нашата домашна контрибуција на над 300.000 евра за затворање на една ваква црна точка која не е проблем само на Македонија, туку е воедно проблем на поширок простор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Молам, дали сте задоволни од одговорот?

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Задоволен сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Задоволни сте.

Благодарам.

Слениот пратеник кој што треба да постави три прашања е господинот Фатмир Асани, а по него е господинот Слободан Најдовски.

Повелете господине Асани имате 10 минути за три прашања.

ФАТМИР АСАНИ:

Ви благодарам господине претседател,

Почиувани министри, почитувани пратеници,

Имам три прашања, а првото прашање е до премиерт.

Дали мисли и кога Владата на Република Македонија да направи повторно отворање на граничните премини Лојани - Миратовце, Сопот и селото Бан Банос.

Во оваа прилика сакам да ве потсетам на фактот дека преку овој граничен премин, мислам на преминот Лојане - Миратовце, во прв ред е овозможено минување на граѓаните од двете страни на границата. Исто така има докази кои што говорат дека овој граничен премин бил отворен и во времето на меѓународното ембарго кон поранешна Југославија, меѓутоа во 1994 година е затворен и граничниот премин во селото Сопот, Куманово. Исто така во последно време има доста добри услови за отворање на еден граничен премин во Липково, кое што ги поврзува општина Куманово и Липково со општина Гилане. Се мисли за границите кои што треба да се отворат меѓу Косово и Македонија, меѓутоа со Белановце и Станчиште од другата страна.

Мислам дека со повторното отворање на граничните премини во Лојане, Сопот и со отворање на граничен премин во Малешевијата ќе се создадатмостови на меѓуопштински поврзувања и регионални поврзувања меѓу Македонија и нејзините соседи. Мислам дека ова се политики на добро соседство и пријателство меѓу луѓето. Македонија не смее да дозволи да се изолира и да се затвори за своите соседи, кога се знае дека Липково и Миратовци во Прешево се населени места кои што се многу блиску и кои што се едни до други. Сакам да нагласам дека последната куќа од оваа страна на границата и од другата страна се на дистанца не поголема од 600 метри, или околу 15 минути одење пешки на овој пат, кој што е асфалтиран на времето, циркулиран и автобус пред неколку години. Денес поради затворањето на граничниот премин се случуваат и гранични инциденти. Сето ова се прави во име на илегалните премини каде што имаме и трагични епилози. Пред неколку дена се случи трагичното убиство од страна на српската војска на еден млад албанец во близина на селото Миратовце, кој што малку порано ги посетил своите родители во околината на Куманово.

Сакам да нагласам дека овие гранични населени места имаат роднински врски. Над 50% од селото Лојане и Миратовце со другата страна на границата, во Србија и Црна Гора.

Барам овој премиер или соодветните министерства да дадат усмен одговор на ова прашање.

Второто прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Реколтата за собирање и откуп на тутунот од 2002 година во регионот Липково, Арачиново, Скопска Црна Гора и Гостивар во количина од 220 тони кои сеуште се во хангарите од вкупните хангари и пунктови во Куманово и има сума од 11 милиони денари. Наспроти, заложбите на поранешните министри за земјоделство, сеуште не е направена

исплата на овој тутун. Меѓувреме, во другите места во Македонија е направена исплата на откупената реколта за 2002 година, меѓутоа и за 2003 и за 2004 година.

Го прашувам министерот за земјоделство кога мисли да го исплати долгот кон тутунарите од Липково, Скопска Црна Гора, Гостивар и другите.

Барам усмен одговор.

Третото пршање е упатено до Владата. Населените места од конфликтот од 2001 година сеуште се разрушени. Многу граѓани и понатаму се незасолнети во очекување на повторна изградба на нивните домови. Иако, се пуштени средства од разните меѓународни фондови сеуште не е направена реконструкција на куќите и на позначајните витални објекти разрушени во воениот конфликт. Владата има формирано комисии за управување со овие средства за повторна изградба на овие населени места, меѓутоа, ова не е направено сеуште така како што треба да се направи. Околу 65 куќи, потоа објектот на Основното училиште каде што учат 150 ученици во селото Склупчане кои што треба да патуваат поради разрушениот објект околу 4 километри од Централното основно училиште на ова село, тие се оставени без да се изгради објектот. Ситуацијата е иста и во селото Ваксинце, во селото Опае, Матејче, Оризари и други. Меѓувреме, се прават инвестиции во населби и села со по пет до 6 ученици, мислам на градба на училишта таму каде што нема ученици, а не се прави градење или реконструкција на училишта кои што постоеле и порано, меѓутоа и сега веќе 4 години не е направен никаков чекор за реконструкција на училиштето во село Склупчане.

Моето прашање е дали мисли Владата да направи реконструкција на овие населени места и кога ќе го направи тоа. Барам усмен одговор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање до претседателот на Владата околу отворање на граничните премини.

Повелете.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Почитуваниот пратеник Асани, верувам дека следи што прави Владата во развивањето на добрососедските односи и воопшто во давањето на еден посебен призвук во пресрет на решавањето на евентуалниот финален статус на Косово, за да се релаксираат односите во целиот регион. Во тој правец беше и мојата вчерашна средба со градоначалниците на Прешево и Бујановац, каде што заедно со заменик претседателот

на Влдата Џафери и со градоначалникот на Куманово Ковачевски, ни беше пренесено барањето кои овие градоначалници го испратиле, прво, до адресата каде што треба, а тоа е во нивната матична држава во Белград, со иницијатива да се отворат три гранични премини. Едниот на потегот Лојане - Миратовци. Вториот на потегот Сопот - Стрезовци и третиот каде што живее само српско население и од едната и од другата страна на потегот Славујаре - Петровец. Република Македонија има позитивен однос кон сето ова, но за да се финализира евентуалната иницијатива од населението од овој регион, ќе треба да постигнеме договор. Јас верувам на мојата најавена средба што ќе биде во Белград во средината на февруари кога ќе разговараме и за отворањето на евентуални нови гранични премини во овој дел.

Околу евентуалната можност да изградиме и нов граничен премин кој би го поврзувал Куманово со Гнилане, со што би се скратила досегашната дистанца помеѓу нив за некаде 50-тина километри, ќе треба да се вложат дополнителни напори. Првите напори ги направи Република Македонија преку ангажманот што го направи Електростопанство на Македонија и Армијата на Република Македонија и Електростопанство околу електрификацијата на овој дел од Липковскиот регион. Армијата околу тампонирањето и трасирањето на патот кој евентуално би водел до новиот граничен премин, кој реално би требало во некоја догледна перспектива да биде отворен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Асани дали сте задоволен од одговорот? (Задоволен е)

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Прашањето е во врска со откупениот и ненаплатен тутун за 2002 година во Липковскиот крај.

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:

Господине претседателе, тутунот по Законот за тутун секој производител кој што сака да произведува тутун треба да склучи договор со компаниите кои што го откупуваат и го преработуваат тутунот. Значи, тоа е законска обврска.

Во прашањето кое што го постави г-динот пратеник во Липковскиот регион, поради разни околности производителите на тутун немаат склучено договор со ниедна компанија која откупува тутун. Тие го произведуваат тутунот така како што го произведуваат и кога дојде време за откуп, Кумановскиот комбинат за тутун, поради лошата финансиска состојба не вршеше откуп на тутунот. И покрај нашето ангажирање и лобирање во тој дел немаше кој да го откупи. Тутунот Отља кој се произведува во Липковско-кумановскиот регион, па и тетовскиот регион е таков тип каде што само Куманово и мал број на

фабрики преработуваат таков тип на тутун. Затоа, тешко другите компании не можат да го откупат. Државата нема обврска да го плати тутунот, бидејќи никаде државата не платила тутун. Тутунот го плаќаат исклуживо компаниите кои склучуваат договор за откуп и преработка за тутун. Тоа значи дека државата нема обврска да го плати тутунот, меѓутоа, државата, односно Министерството правиме одредени напори во однос на лобирање да изнајдеме начин дали може да се најде некоја компанија да го купи тутунот и да го плати. Производителите од Липковскиот регион преку нивното здружение имаат склучено некаков договор за преземање на тутунот со некоја фирма, која фирма не успеа да го плати тутунот, барем досега не успеа и засега тутунот се наоѓа во Тутунскиот комбинат, стои на располагање таков каков што е ферментиран и се чува во релативно добри услови. Меѓутоа, државата нема средства и не верувам дека нема да го плати тутунот. Единствено посредуваме ако можеме да најдеме некоја компанија која може да го купи и да го плати тутунот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Дали сте задоволни од одговорот господине Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Не, господине претседател, бидејќи заменик министерот за земјоделство кажа неколку зборови кои што се вистинити, меѓутоа тие фирми Тутун-Табак од Скопје имаат склучено договор со производителите на тутун од овој регион. Меѓутоа, со посредство на поранешниот министер, заменик министер на земјоделството, пратеникот Хисни Шаќири и тие се заложиле дека ќе направат се што треба, ќе лобираат во секоја фирма, како што рече и самиот заменик министер, да се направи откуп на овој тутун. Дали треба да се чекаат 10 или 15 години за да се направи тоа. Се говори за мала сума на пари. Од 11 милиони денари или 160 илјади евра. И тој тутун веќе 4 години е во тие хангари во Куманово. До кога ќе чекаат граѓаните да им се исплатат тие пари, бидејќи веќе тутунот е земен од страна на оваа фирма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џамбазовски дали имате коментар, бидејќи немаше потпрашање, мислам е завршено.

Третото прашање е исто така до Владата на Република Македонија во врска со реконструкција на разрушени домови.

Имаше потпрашање за изградба на училиште.

Повелете.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Од име на Владата ќе одговори министерот Владо Поповски, кој ги координира сите Владини активности во оваа сфера.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Поповски.

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Како одговор на прашањето на почитуваниот пратеник, тоа во повеќе наврати Собранието на Република Македонија, Владата даваше информации и коментари во врска со изградбата на оштетените куќи. Како што е познато за време на конфликтот оштетени беа 6678 објекти од 4 категории од најразлични категории. Во таа смисла процесот на реконструкција на оштетените објекти во Република Македонија е речиси на самиот крај, ако ги земеме од таа ситауција куќите кои што останаа не реконструирани заради непотпишаните трипартитни договори, 119 во селото Матејче и една помала бројка во селото Арачиново.

Инаку, што се однесува до прашањето, до конкретното прашање на почитуваниот пратеник, во овој регион за кој што зборуваше според нашата евиденција, пред самиот завршеток или се завршени 6 објекти во селото Слупчане, доколку навистина има уште некои други објекти кои не се вклучени во фазата на реконструкција, она што можам да го истакнам е дека Владата се ангажира околу тоа и ќе испратиме екипа на терен да ја испита ситуацијата. Меѓутоа, според нашата евиденција се работи за овој број на куќи кој што јас во овој момент го спомнав. Што се однесува до реконструкцијата на другите објекти во поранешните кризни региони, Владата на Република Македонија изготви една посебна програма во таа смисла во оваа прилика можам да кажам дека наскоро ќе почне да се реализира еден проект што ќе значи реконструкција односно санација на дел од оштетените објекти. На објекти се мисли на стопанството при што ќе бидат опфатени некаде околу 80-тина објекти.

Во делот на образованието г-динот Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Сосема кратко како надополнување на одговорот кој што министерот го даде. Значи, Агенцијата за реконструкција има преземено обврски и за помош на обновување на објектите од школската инфраструктура. Ние презедовме уште повеќе чекори понатаму за добивање на помош и од другите организации. Конкретно со ЈУЕНДИПИ имаме потпишано договор за реконструкција на училиштето во Матејче кое што е оценето

дека беше во многу полоша состојба, но од нивна страна има ветување дека нареден објект на кој што ќе се изврши санација е објектот на училишната зграда во селото Слупчане.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Господине, дали сте задоволен од одговорот.

ФАТМИР АСАНИ:

Задоволен сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот е задоволен.

Следниот пратеник е господинот Слободан  Најдовски, а потоа е пратеникот Слободан Даневски.

Повелете господине Најдовски три прашања за 10 минути.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Претседателе, јас имам две не три прашања.

Првото е, мислам дека се поврзани, па затоа како две ги направив, до Министерството за внатрешни работи. Имено, некаде минатата година извршена е кражба, барем по она што беше по медиумите, на поголема сума на пари од касата на ЦИП Продукт односно поранешен “Лозар” од Битола. Тоа беше доста најавено на медиумите, но до ден денес, барем во медиумите нема информација како е настаната кражбата и што понатаму се случува. Затоа, моето прашање е што е преземено за откривање на сторителите и кои се резултатите односно сознанијата по однос на оваа кражба, со оглед на тоа што треба да се има предвид и е нанесена штета онака како што беше изнесена. Јас мислам дека министерот не ќе може сега усмено ако може да одговори, во ред, а ако не се согласувам да добијам и писмен одговор.

Второто прашање е исто така поврзано со поранешен Лозар. Во медиумите можевме да прочитаме дека не јасно е или не е раскинат договорот за продажбата на поранешен Лозар - Битола. Имаше едно известување кое што беше изнесено во медиумите, но морам да кажам дека е тоа барем за мене доста нејасно и затоа е прашањето. Може да одговори ако сака Владата, ако сака министерот односно заменикот министер за економија или пак ако не се сега спремни, можат и писмено да одговорат.

Прашањето е конкретно.

Дали Владата односно Министерството за економија го има преиспитано исполнувањето на договорот за приватизација на Лозар - Битола односно исполнувањето на обврските на купувачите кои произлегуваат од договорот. При одговорот на

прашањето би замолил посебно да се даде осврт на секој критериум кој што беше бодиран при продажбата на Лозар од Битола, бидејќи секој критериум носеше поединечно бодови и врз основа на тоа беше извршена продажбата. Еве, благодарам, тоа се моите две прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Првото прашање е до Министерството за внатрешни работи, иако е побрано и пратеникот би бил задоволен со писмен одговор, вие имате право тоа прашање да го затворите и со усмен одговор.

Повелете министре.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Прашањето е конкретно. Господинот пратеник ќе го известиме по писмен пат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање е генерално до Владата и до Министерството за економија.

Повелете, збор има господинот Бучковски, премиер на Владата.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Договорот што го има Агенцијата за приватизација на Република Македонија со новите газди на Лозар не е раскинат и нема да биде раскинат, затоа што меѓувреме се преговара да биде продолжен рокот за уплатата на последната рата која треба да ја уплатат новите газди. Заради начинот на кој што беше пролонгирано преземањето на владеењето на комбинатот Лозар, се влегува во преговори, каде што ќе биде пролонгиран и рокот за уплаќање на последната рата. Затоа што, меѓувреме, проблемите кои беа подолго од три години конечно се разрешија, но постапувајќи по автоматизам по договорот кој беше потпишан во 2002 година Агенцијата за приватизација го испрати спорното известување за кое говореше пратеникот Најдовски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски дали сте задоволен од одговорот?

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ.

Од одговорот сум задоволен, од решенијата не сум. Би побарал писмено дополнително да ми се одговори по однос на сите критериуми, бидејќи беа бодирани бројот на вработени, сега имаме кон крајот на годината 80 работници поранешно вработени како технолошки вишок. Сега, ние како држава ги плаќаме, и им плаќаме на тие поранешни вработени во Лозар, а требаше бројот на вработени да биде зголемен,

сега им плаќаме од државната класа, од Буџетот за технолошкиот вишок. Тврдам дека на еден дел од тие вработени фиктивно новите сопственици на Лозар им ја зголемија платата за последните три месеци и сега ние како држава сме обврзани за поголеми давачки. Барам дополнително поединечно за секој критериум по однос на договорот кој што беше потпишан при продажбата односно при објавениот тендер.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Писмено ќе добиете одговор.

Повелете господине Даневски, имате три прашања за 10 минути, а потоа нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри.

Моето прво рашање е до Владата на Република Македонија. Имено, поминува веќе втора година градот Свети Николе и до денешен ден се снабдува со една цистерна вода, иако градот брои 14 илјади жители. Еве две години граѓаните со една цистерна од три или пет тони се снабдуваат со вода.

Она што се упатува како прашање до Владата на Република Македонија и посебно до Министерството за екологија. Имено, пред некој ден, се огласи Републичкиот инспектор кој ги потврди сите овие наоди што пратеникот Слободан Даневски со години ги зборува тука од говорницата. Се потврди дека водата во градот Свети Николе не само што не е за употреба за пиење, туку е на границата за миење. Што значи, сите оние наоди и она што го презентира тука пред 4-5 месеци наодите кои беа направени испитувања на голема анализа на водата во САД ги потврди Републичкиот завод од Велес, при што кажа дека водата во општина Свети Николе не е за пиење, не е ни за миење за малите деца, па и за возрасните. Имено, за што станува збор?

Знаејќи како се снабдува градот и општината Свети Николе од отворен систем браната Мавровица,зголемени се органските материи. За да се исчисти водата и да се дотера да биде за употреба, се дотураат големи количини на алуминиум сулфат, потоа се додаваат поголеми количини на хлор, со што се прави спој хлорот и органските материи прават трихлориметани кои се карциногени. Во дадениот извештај потврдуваат дека во мрежата се најдени и други загадувања, други фекали од амоњаци и незнам ред кои други тешки метали, што значи водата е вон секаква употреба.

Мојата молба до Владата на Република Македонија е да се најде итно решение, за да може градот во овие зимски услови, да може барем тие стари луѓе, деца, мајки, да може да се обезбеди градот со оптимална вода за пиење.

Имено, граѓаните не веруваат веќе на сите кажувања на локалната самоуправа затоа што две години слушаме по разните медиуму денеска ќе се пушти водата во Свети Николе и тоа исправна, утре ќе се пушти, потрошени се некаде 450 иљади евра за озонатор кој и ден денес не функционира, нема никаква улога, но тоа е друго прашање дали парите се наменски или не наменски, не е моментот за ова пратеничко прашање, но граѓаните се револтирани и замолен сум од поголема група граѓани да се алармира затоа што не дај Боже да беше во некое мало место или во Западниот дел на Македонија не знам како ќе се реши интервентно и брзо.

Дали ние во општина Свети Николе треба да правиме она што не е популарна мерка со граѓанска непослушност да го дигнеме прашањето затоа што доаѓаме во состојба во Македонија сите работи треба да се решаваат на сила, не сакаме да правиме такви работи, во овие моменти знаеме каква ни е државата, не сакаме да правиме блокади на патишта, да правиме присилни мерки, да правиме бунтови, ни случајно.

Затоа сум замолем од граѓаните на општина Свети Николе, а јас ја замолувам Владата, посебно премиерот да направат итни мерки  за да може во овој дел од годината граѓаните да имаат барем чиста вода за пиење. Водата е вон секаква употреба. Можеби сум досаден во Парламентот, можеби досадив и на граѓаните на Република Македонија, но не сум досаден на граѓаните на општина Свети Николе. Ова го знаат и чувствуваат граѓаните на општина Свети Николе.

Уште еднаш барам од Владата на Република Македонија да изнајде итни мерки за да може да се реши состојбата со водоснабдување на градот Свети Николе.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија, поточно до Министерството за транспорт и врски. Ова прашање е поставувано повеќе пати, сега сме на почетокот на 2005 година, секоја година се изготвуваат планови за магистрални и регионални патишта, имено, станува збор, не помина она барање при изготвување на Буџетот за 2005 година иако се бараа скромни пари за да отпочне изградбата на патот Свети Николе - Миладиновци - Скопје, тогаш имаше укажување од министерот за финансии дека не се предвидени средства за инфраструктура, посебно за изградба на регионален пат, затоа што тие пари што ги баравме беа многу мали.

Моето барање е до Министерството за транспорт и врски да направи усилба за да може да отпочне идејното решение и проектното решение за изградба на патот Свети Николе - Миладиновци - Скопје.

Имено, во моментот нема да кажувам, општо е познато, што значи за источниот дел на Република Македонија. Ние како група пратеници од источниот дел на Македонија, без разлика од која политичка партија доаѓаме, бараме и направивме работен заклучок кој Собранието го усвои, ја задолживме Владата за да отпочне, прва, втора, трета фаза за изградба на делницата Скопје - Миладиновци - Свети Николе, втората фаза би значело Штип - Кочани - Делчево и третата фаза односно паралелно би одело Штип - Радовиш - Струмица до Ново Село.

Знаеме каква е инфраструктурата во источниот дел на Македонија, мислам дека и тие граѓани заслужуваат да имаат исти патишта како и сите граѓаните во Република Македонија, да не зборуваме за секојдневните сообраќајки и жртви, да не зборува што ќе значи за економскиот развој на источниот дел на Македонија. Во кое село од источна Македонија да влезете, тие се оставени на забот на времето. Има услови, има меѓународни тендери, меѓународни кредити, ние треба да бидеме подготвени за да може ова решение како идејно да отпочне со тоа што ќе се земе во овој период при подготовката на плановите за магистрални и регионални патишта во Република Македонија  да се има во предвид овој регионален пат Скопје - Миладиновци - Свети Николе.

Моето трето прашање е до Владата на Република Македонија. Од Владата на Република Македонија барам заклучно од 1990 година до денешен ден на сите избрани и именувани функционери во законодавната, извршната и судската власт да се направи список, како и на граѓаните кои добиле станови, под кои услови и под кои критериуми се добиени становите.

Се шпекулира, се прават опструкции, се прават невидени работи на поедини функционери, па од овие причини барам да видиме кој во оваа држава ги добил бенефициите, кој во оваа држава добил станови за по 1000 тогашни германски марки, кој добил од воените станови кога си заминуваа старешините, за да имаме преглед на сите избрани и именувани функционери во Република Македонија. Реков во извршната, законодавната и судската власт.

Ова го барам за да имаме преглед и да им биде појасно на сите граѓани во оваа држава за да не се шпекулира кој во оваа држава добил стан, на кого му припишуваат дали го платил по економска цена или добил службен стан, за да имаме еден преглед со колку станови располага државата кои се наменети за функционерите на Република Македонија.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Првото прашање беше до Владата на Република Македонија по однос на водоводот за Свети Николе.

Кој ќе одговори?

Повелете премиере.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Со нови сили, со новата локална самоуправа ќе го решаваме проблемот. Во овој момент не можам да му кажам, беше трпелив две години и 3-4 месеци пратеникот Даневски, па ќе се стрпи уште малку да седнеме и да поразговараме како да го решиме проблемот со водоснабдувањето на Свети Николе.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Дали пратеникот е задоволен или има дополнително прашање.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Да, јас му верувам на премиерот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Второто прашање беше до Владата или до Министерството за транспорт и врски.

На ова прашање ќе одговори заменик министерот Дејан Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Пратеникот ќе добие одговор во писмена форма кои се плановите на Фондот за магистрални и регионални патишта и Министерството за транспорт и врски за патната инфраструктура во источна Македонија. Со тоа ќе ги заокружиме сите претходни прашања кои се однесуваат на патната инфраструктура во Источна Македонија.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Е, тука не верувам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Без коментар, немате добиено збор.

На второто прашање сака да одговори претседателот на Владата господинот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Го респектираме барањето што во форма на заклучок го има Парламентот да се подобри инфраструктурната мрежа во Источна Македонија. Ние ќе бидеме готови ако

успешно завршат, како што почнаа, преговорите околу поделбата на дивидендата што ја имаме во нашиот удел во Македонски телекомуникации.

Ако најавата дека оваа година ќе земеме 25 милиони евра поголема дивиденда од предвидената, при ребалансот на Буџетот кој би бил предложен ќе предвидиме заедно со Министерството за финансии да започнеме дел од делниците за кои зборуваше пратеникот. Дали ќе биде делницата 1, 2 или 3 ќе ни помогне Фондот за магистрални и регионални патишта, но Владата се обврзува оваа година дел од парите што ќе ги земе од дивидендата од Македонскиот телеком да ги искористи за еден од овие инфраструктурни објекти.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сега господине Даневски имате право да кажете дали сте задоволни или не или имате дополнително прашање.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не се работи дали сум јас задоволен, туку да се реализира оваа работа. Задоволувањето е тешка категорија. Да се заврши работата.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Даневски така е во Деловникот дали сте задоволен од одговорот на прашањето.

Третото е повторно до Владата, кој ќе одговори во име на Владата?

Ова ќе мора да биде во писмена форма.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Го има доставено во писмена форма, Владата работи на собирање на податоците преку Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор и во догледно време ќе го добиеме списокот на сите функционери од 1990 година до денеска кои добиле општествени, државни станови во приватна сопственост.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Повелете господине Даневски една минута.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ќе го почекам списокот и ќе видиме кога ќе дојде во пишана форма.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Следен за поставување на пратенички прашања е пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Моето прво прашање е до министерот за внатрешни работи на Република Македонија.

Како пратеник од Изборната единица број 4 имам еден допис од Одборот на акционери на Фабриката за кабли - Неготино во кој укажуваат на многубројни прекршувања на акционерските права и Законот за трговски друштва во оваа фабрика и во таа насока тие утре предвидуваат протест со блокирање на магистралниот пат кај Неготино со поголем број граѓани од Неготино и во таа насока би сакал да прашам:

Дали таа информација за нарушувањето на правата на акционерите и вработените во Фабриката за кабли - Неготино, Министерството за внатрешни работи ја има согледано и какви мерки ќе преземе по повод најавата за блокирање на патот и за застанување на патот на овие девијантни појави како што се кршење на правата на малцинските акционери во оваа фабрика.

Второто прашање е до министерот за финансии, во делот на она што значи приватизација во Република Македонија, се разбира дека за она што ќе го прашам би требало да следи писмен извештај.

Прашањето е дали можеме да добиеме одговор за тоа колку средства од приватизација на општествените претпријатија, согласно Законот за трансформација на општествените претпријатија и Законот за продажба на дел од државниот капитал се прибрани по пат на вирмански уплати, како средства од приватизацијата.

Второ, за кои намени се употребени, особено во оној дел што значи преквалификација, тренинг, обука на сите оние кои останале без работа заради овој процес.

Трето, колку од тие средства се сега на располагање во оној дел што значи повторно решавање на невработеноста во Република Македонија затоа што сите програми за следење на приватизацијата главна цел има, бидејќи тие беа општествени претпријатија, во сопственост на вработените во тие претпријатија, а сега се трансформираат во приватни претпријатија, па колку од тие средства ќе бидат употребени за таа компонента ново вработување или преквалификација и обука на оние лица кои останале без работа затоа што невработеноста е најголемиот проблем во Република Македонија.

Третото прашање е до Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство околу заклучоците што ги имавме пред два месеци во Собранието на Република Македонија за поправање на системот за спасување на Дојранското Езеро и сите аспекти од административно - техничко регулирање на она што претставува работа на Јавното претпријатие - Дојранско Езеро кое е повеќе наменско претпријатие, до каде е таа работа,

бидејќи по она што го кажуваат граѓаните од Дојран сеуште системот не е во функција, па доколку може да биде, би бил задоволен доколку ми биде одговорено и на ова прашање.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорчев.

Првото прашање е до министерот за внатрешни работи.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван пратеник, се работи за конкретен случај, па ќе ви одговориме писмено.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам министре.

Второто прашање е за министерот за финансии.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашањето има едноставен одговор, колку средства од приватизација се собрани во Република Македонија, со оглед дека согласно Законот средствата од приватизација се приход на Буџетот на Република Македонија, ако се видат завршните сметки на буџетот кои ги усвојува Собранието, објавени во “Службен весник”, колку средства поединечно се остварени од приватизација од приходната стапка од средства од приватизација, ќе се добие бројката.

Значи, тука нема никаква тајна, секоја завршна сметка ја усвојува Буџетот.

За што се употребени?

Средствата од приватизација, согласно Законот, се приход на Буџетот. Тие се приход на финансирачката страна на Буџетот, расходите на Буџетот за што се употребуваат ги утврдува Собранието со секој Буџет. Директна конекција нема да најдете. Тие влегуваат како приход на Буџетот, се користат за сите намени за кои Буџетот се користи и во купот не можете директно да ги вброите лево или десно на финансирачката страна освен оние кои се приход на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Знаете дека добиваат, согласно Законот, дел од акциите и тие ги имаат во своето портфолио, управуваат со нив, некои од нив можат да ги продаваат, некои од нив не ги продаваат, влечат дивиденди, тоа е право на Фондот.

Колку средства се останати?

Јас би бил најсреќен кога би знаеле колку средства се останати, меѓутоа, портфолиото на Агенцијата за прифатизација оваа Влада го реализира на берза и колку

средства се останати дознаваме откако ќе се реализира на берзата така што тоа е прашање на пазарната цена. Тоа е гледано од еден агол.

Гледано од втор агол уште колку средства од приватизација можат да се стекнат зависи од тоа што Владата ќе реши да приватизира. Тоа е варијабла. На пример оваа Влада вчера донесе одлука за приватизација на оној дел од Електростопанството на Македонија согласно Законот ќе се приватизира, тоа е дистрибуцијата и производството на електрична енергија.

Ако Владата донесе одлука и друго претпријатие од јавниот сектор да приватизира, ќе имаме и други приходи, согласно тендерот на кој ќе конкурираат, а најчесто распишуваме меѓународни тендери.

Гледано од тој агол ова прашање не може ниту формално ниту теоретски да добие одговор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Ѓорчев дали имате дополнително прашање?

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Имам, јас би инсистирал на писмена информација затоа што јас не можам да ги вадам процентите од Буџетот на Република Македонија од 1993 година, Министерството за финансии тоа може да го направи и може точно да се види колку пари се собрани за таа намена, а секоја година тука во Собранието усвојуваме програма за трошење на средствата од приватизација.

Јас две години зборувам за таа програма дека тие средства не треба да бидат туку така во Буџетот расходувани, туку треба да бидат наменети за вработените на тие претпријатија од каде се црпат тие пари. Токму затоа го поставив прашањето, сметам дека проблемот на невработеноста се разрешува и преку тие средства кои се прибираат преку приватизациониот процес во Република Македонија.

Околку државниот капитал многу ми е јасно прашањето колку средства од продажбата на Телеком останаа како капитал на државата Република Македонија од продажната цена и кога тие ќе бидат наменети за разни проекти кои им припаѓаат на граѓаните затоа што Телеком беше државно претпријатие во сопственост на државата т.е. на македонскиот народ и сите граѓани на Република Македонија.

Поставив многу прецизно прашање и би инсистирал на писмен одговор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Ѓорчев по однос на тоа за писмен одговор на прашањето дали барате информација, тоа е веќе друга процедура.

На дополнителното прашање побаравте информација, тогаш Министерството за финансии дополнително писмено ќе ви одговори.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тој на кого му е упатено прашањето одлучува дали ќе одговори или ќе достави писмен одговор, јас сакам да одговорам.

Господинот Ѓорчев во прашањето што го постави практично постави дополнително прашање четврто, кое го немаше поставено во првите три прашања.

Со оглед дека не сака да се потруди во Стручната служба на Собранието каде има луѓе кои можат да го извлечат тоа што е очигледно во “Службен весник”, ќе го направи Владата и ќе му ги достави. Иако мислам дека тој начин е поспор, бидејќи ќе го добие за месец дена, а ако каже на Стручните служби во Собранието тоа да го направат за што ги плаќа Буџетот ќе му го направат до утре, меѓутоа, тој го избира поспориот пат и тоа ќе го направиме така.

Во врска со второто прашање дополнително е кажано дека се однесува за средствата од Телеком, што не беше потенцирано или можеби јас не го слушнав зборот Телеком во првиот дел од прашањето. Средствата од Телеком од пред една година се здружени со средствата кои ги има Министерството за финансии на девизната сметка во Народната банка како сметка за отплата на странскиот долг. Тие средства до пред една година се водеа на посебна сметка и знаете дека од нив, согласно одлуките на Парламентот, средствата се трошеа за отплата на странскиот долг и за инвестициони проекти и за девизните резерви на Република Македонија.

Исто така делумно се користеа за отплата на разликата од 8% за пензионерите кои имаа судска одлука која патем трае до мај оваа година. Остатокот од средствата ние можеме како салдо да го кажеме, инаку, оваа година програмата не се усвои, сите средства кое се финансираа од Телеком се префрлени во ресорните министерства со изворните приходи на државата, што значи дека средствата како салдо можеме да го кажеме, но тоа е променливо, тоа може да има само статичен карактер, кое е салдото во овој момент, не можеме да кажеме колку се останати генерално. Ќе дадеме на денот во кој ќе го соопштиме, тоа е сосема небитно во овој момент, битно е салдото од 700 милиони кои, по мое видување како министер за финансии се потроши во најголем дел лошо.

Анализата што оваа Влада ја направи за потрошените средства од Телеком-проектите на минатата власт, во 2001 и 2002 година, наша оценка беше дека од потрошените пари само 30% завршиле во исполнување на програмите што ги усвои

Собранието, додека 70% од тие проекти се нереализирани, а парите потрошени.
Не би сакал да давам оценка за некој друг орган зошто 70% од парите се исплатени, а работите не се изведени. Таму се парите.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине министер.

Следното прашање, господине Ѓорчев рековте до Министерството за животна средина и просторно планирање и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменикот минитер за животна средина и просторно планирање, господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Министерството за животна средина и просторно планирање посебно внимание посветува токму на заштита на природните езера во Републиката: Преспанското, Охридското и секако Дојранското езеро. Правиме посебна програма, во соработка со Министерството токму за земјоделство, шумарство и водостопанство, но јас го земав делот на одговорот, затоа што средствата наменски, за оваа намена, оваа година за среќа и буџетски се наменети на сметка, така што во цирка позамашни 50 милиони денари, така што системот, длабоко веруваме дека ќе биде во функција и сите оние аномалии што беа направени, согласно на еколошката катастрофа што стана со поплавите и организационата работа на претпријатието што треба да ги завршува и извршува овие работни активности и сите други оние активности што ги правиме во делот на заштитата на животната средина на Дојранското езеро, веруваме дека во наредната година и понатаму ќе бидат во континуитет и ќе бидат разрешени, бидејќи навистина се обезбедени средства од Буџетот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Матовски.

Господине Ѓорчев дали имате дополнително прашање?

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Имам дополнително, затоа што прашав и пред шест месеци пратеничко прашање кога ќе профункционира системот. Барем апроксимативно, мај, јуни, јули, август, треба да ми се каже како пратеник. Јас и тогаш поставив, беше речено дека се прават напори. Министерството сигурно има и термински да каже кога ќе биде системот во функција, да знаеме ние како пратеници, бидејќи контактираме со граѓаните да им кажеме. Тие не

прашуваат кога ќе профункционира системот. Мора да има некој рок за три месеци, за шест месеци, за девет месеци. Тоа е моето прашање во основа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорчев.

Господине Матовски повелете, има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Точно, ова прашање беше поставено и минатиот пат, точно за времето на почнувањето на работа на системот.

Системот работи, не во полн капацитет и се прават напори истиот буквално да се стави во функција исцело да работи. Но, со одредени потешкоти што се јавуваат во самата негова функција, затоа што се работи за дел на опрема што е од странство, дел на опрема што некореспондира и тие работи се навистина во еден дел што сакаме да се направат онака како што треба да функционира, навистина да не брзаме и да не направиме инпровизација.

Јас сум длабоко убеден во тоа дека системот ќе функционира, затоа што навистина имаме обезбедено средство од Владата за цлиот систем, а тие се потврдени согласно Буџетот што беше донесен за 2005 година. Останува можност само за негова реализација.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е господинот Јордан Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван претседател на Владата, почитувани министри, претставници на Владата,

Моево пратеничко прашање го упатувам до министерот за здравство.

Трансформацијата на македонското здравство или онана како е замислена тренсаформацијата да се спроведе во Крива Паланка, поточно трансформацијата на болницата да помине во понизок ранг на здравствен дом, ја бранува целата кривопаланечка јавност. Пред да го поставам прашањето, сакам да му кажам на министерот дека тоа незадоволство ескалира, со оглед на тоа што се работи за болница со традиција од 50 години, се работи за еден регион во пречник од 50 км., во кој што најодалечените села се и до 35 км, така што таа варијана на носење на болните во

Куманово и Скопје не само што е многу скапа за едно од најсиромашните населенија во Република Македонија, туку мислам дека не го решава прпобелмот и мислам дека на испит ќе ставиме многу човечки животи.

Не знам како ќе се остварува хуманата димензија на здравството и мислам дека сето ова, вака како што се поставува, ја губи надеждта кај нас, во Крива Паланка, дека навистина ќе можеме да остваруваме примарна здравствена заштита на населението. Се предлагаат некои аргументи како анализа да тоа биде едно одделение, да се направи едно одделение, меѓутоа во услови кога ние немаме потронажна служба, расфрлани 52 села во општините Крива Паланка и Ранковци, навистина не става во дилема што ќе се случи со здравјето на тие луѓе, сакам да го прашам министерот.

Можеби една од варијантите, јас ги знам стандардите што треба да се исполнат за да постои една болница, знам дека не се на наша страна, меѓутоа сакам да го прашам има ли шанса да дојде една делегација во Крива Паланка, да разговараме со него или да не посетат претставници на Министерството за здравство за да навистина го најдеме најрационалното решение и навистина на граѓаните им обезбедиме правилна здравствена заштита.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Михајловски.

Има збор министерот за здравство, господинот Владо Димов.

Повелете господине министре.

ВЛАДИМИР ДИМОВ:

Јас сум доволно, мислам, запознат со состојбите како стојат таму. Пратеникот и самиот одговори на дел од прашањето зошто е применета таквата мерка.

Мислам дека покривањето на она што граѓаните таму ќе го изгубат со тоа што ја имаа болницата, ќе биде со зајакнување на другите служби. Морам да кажам дека едно од основните начела врз основа на кои ќе се спроведува и реформата е рационализација на здравствениот систем. Крива Паланка, за жал е првото место каде што тие мерки и критериуми се применети и врз основа на мерки и критериуми е донесена таква одлука. Тоа е општо познато, бројките се објавени, врз основа на што е дојдено до оваков заклучок.

Сигурно дека она за што сме свесни дека можат да бидат причини за незадоволство или можни причини за некакви несакани последици за да не се случат, ние ги преземаме сите мерки до тоа да не дојде.

А, сигурно дека останува отворено прашањето и можноста да се видиме и да дојдеме таму на лице место, ако може и со претставници од Министерството за труд и социјална политика и да излеземе во пресрет максимум во рамките на можностите да биде сепак дефинитивното решение во рамките на најповолното и кон граѓаните и според законските можности.

(Со седницата продолжи да раководи господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволен господине Михајловски од одговорот?

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Му благодарам на министерот.

Неговата желба да не посети, навистина така ќе го најдеме најоптималното решение.

И, имам само уште едно прашање и со тоа завршувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, имате потпрашање?

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Не, не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, зошто не ги кажавте во рамките на десетте минути и второто прашање?

Сега ако имате потпрашање, понатаму нема.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Добро,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Мавровски, а потоа е пратеникот Коста Прешоски.

Имате 10 минути да поставите три прашања.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Првото прашање е до министерот за економија, но мислам дека може и директно до премиерот на Владата, затоа што министрите за економија се менуваат многу брзо. Прашањето е за Електростопанство на Македонија и тој континуитет мислам дека е воопшто лош за приватизацијата.

Од одговорот што го добив од министерот, мислам беше од претходниот министер, се гледа дека за рудникот “Брод - Неотино” и подинските слоеви во рудник “Суводол” се предвидени 130 милиони долари. И тоа 87 милиони долари за опрема и 43 милиони за инфраструктурна опрема. Обезбедувањето на овие средства е предвидено да се оствари од следните извори: 82 милиони долари од кредитите и институциите, а 48 милиони долари сопствено учество, во кое што влегува вредноста на опремата од Руската Федерација, за која што се кажува дека е премногу скапа и од тоа до сега, барем, апсолутно ништо не е реализирано.

Значи, се работи за големи средства. А, од друга страна, сите знаеме дека во моментот Електростопанство на Македонија оди кон приватизација. Не случајно кажав дека ова е трет министер за економија, во едни процеси што треба да имаат барем најмалку континуитет и претпоставував дека луѓето кои ги започнаа тие преговори, дека Владата ќе најде доблест и со нив да ги продолжи разговорите, затоа што се работи за најсериозниот проект што стои пред Владата и за кој што одговорноста сигурно ќе биде многу голема.

Јас сега би прашал директно - до каде се стигнати процесите на приватизацијата, дали е утврден начинот, што, кога и како ќе се продава и дали е предвидено и колку проценти од вкупната вредност ќе биде за акции или обештетување на вработените во Електростопанство на Македонија, како што беше предвидено со Законот за преобразба и продажба на Електростопанство на Македонија. Тоа е моето прво прашање.

Второто прашање до министерот за финансии. Еве случајно, пред малку, во еден одговор на господинот Ѓорчев, министерот загатна дел од ова прашање што јас сакав да го поставам.

Моето прашање е директно за средствата од Телеком, значи 2003 и 2004 година тие средства од Буџетот на Република Македонија, колкави средства од нив се искористени за развој и инвестициони проекти, за што генерално беа предвидени, колку за отплата на кредит во земјата и во странство, колку средства се префрлени во Фондовите за здравство и пензиско осигурување и колку за останати активности? Мислам дека ова е директно прашање и конкретно, би сакал да ги имам овие бројки за да можеме да знаеме за што се потрошени средствата.

Третото прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Зошто никој, како Република Македонија не презеде акција за учество на најголемиот светски саем на аграрот и прехранбената индустрија “Зелена недела” во Берлин?

Минатата година, претходниот министер ветуваше дека од тука ќе започне продорот на нашето земјоделие во Европската унија. Но и лани се случи катастрофа,

еден штанд со производи што беа купени во некоја самопослуга во Берлин и нашето претставување пропадна. А пак оваа година воопшто и не учествувавме. Значи, продорот беше со неучествување. Не немаше.

Би го прашал министерот дали е подготвен и може да подтврди учество на следните комерцијални презентации и саеми од типот фрут-логистика или меѓународна туристичка берза што треба да се одржат во месец февруари и март или пак уште еднаш ќе ги пропуштиме овие саеми и уште повеќе “ќе се доближиме” до Европската унија кон која се стремиме.

Еднаш за секогаш треба да разбереме дека формирањето агенции, асоцијации и останати организации нема да значат сами по себе успех, туку работа и средства што министерствата не ги предвидуваат во буџетот за презентација на Република Македонија. Дали случајно или не, за разлика од нас, нашите соседи кои се подолго време од нас држави, имаат попознати земјоделски производи, но се презентираат. Ако ние мислиме дека светот го знае преспанското јаболко, тиквешкото вино, струмичката пиперка, тетовскиот грав, бучинскиот кромид, се лажеме.

Значи, нашата презентација е токму тука и Република Македонија ако можеме и сакаме да ја оттргнеме од некое сивило, а не очекувам, барем сега или во догледно време да излеземе на некој саем за електроника или електроничка опрема и тука да го изненадиме светот дека сме многу понапред од некои кои работат долго време.

Значи, земјоделието, за што и пред тоа се залагавте, мислам дека е основната работа. Прашањето до министерот, да ги потврди овие работи, дали воопшто Макеоднија ќе учествува на некој саем или презентација што значат нешто во светот за да ја презентираме нашата држава пред останатите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање е до Министерството за економија во врска со приватизација на Електростопанството.

Повелете премиере.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван пратеник Мавровски,

Владата вчера донесе Одлука, стартува процесот на приватизација на Електростопанство на Македонија. Процесот ќе оди со продавање во пакет и на делот на производстворто и на дистрибуцијата на еклектрична енергија. Меѓународниот јавен

тендер планираме да биде објавен најрано во почетокот на втоиот квартал од оваа година, а најдоцна до крајот на вториот квартал. Процесот ќе биде транспарентен.

Ќе има прв дел, па претквалификација, каде што претендираме стратешки партнер во приватизацијата на Електростопанството да биде некоја од големите компании кои веќе се развиваат и во овој дел на регионот, а и пошироко во Европа.

Трето, донесовме одлука процентот што го нудиме на продажба ќе биде најмалку 51%, имајќи предвид дека Европската банка за обнова и развој со своето учество има обезбедено 20% од вредноста на Електростопанство. Останува Владата дополнително, имајќи ги предвид законските решенија каде што се обврзавме дека може до 10% од вредноста на Електростопанство на Македонија да биде акционерство на вработените, дополнително да одлучи кој процент ќе биде процентот на вработените во Електростопанство и колкав процент, ако биде поголем од 51%, ќе понуди на продажба.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволни господине Мавровски?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ова е од синоќа, но очекував во одговорот да кажете нешто друго. На директните прашања не ми одговоривте. Владата ќе остави можност да биде тоа и понатаму проценето. Значи, варијацијата од 1% до 10% е многу голема. Тоа го знаете и подобро од мене.

Од друга страна, кажуваме дека 20% од учеството до сега на Европската банка, со кредитите што се земени, веќе Европската банка е сопственик на Електростопанство на Македонија. Со ова што јас ви го кажувам, наредниот кредит од 130 милиони евра, тие проценти можат да стигнат можеби и повеќе од 30 или не знам колку проценти.

Пакетите, како што ги кажувате, на Дистрибуција и Прозиводство, тоа е многу глобална ситуација. Јас прашав што, како и кога.

Ова што го кажавте кога, меѓународниот тендер е во ред. Но, што ќе продава Електростопанство? Вака, како што ни кажувате, апсолутно ништо мене не ми значи. Можеби на граѓаните нешто им значи. Им рековме и минатиот пат, се подели Електростопанство на две друштва. Едното друштво кое чини 75 милиони и тоа остана во сопственост на државата и другото што чини 1.230.000.000 и тоа ќе се продава. Значи, тој пакет ние го продаваме. Сега треба да знаеме што продаваме, затоа што дали воопшто вреди учеството на државата или кредитите што ќе ги земаме затоа што нас ни треба енергија. Енергија, на овој начин не можеме да постигнеме.

Рудникот “Брод-Неотино” најмалку уште пет-шест години не може да се отвори. Тоа е факт. А, 2010 година, 2011 година е многу блиска. РЕК Битола, ако веќе нема јаглен, тука настанува голем проблем. Затоа во енергиката времето е многу кратко. Овие пет години се можеби како пет недели. Тоа е основното прашање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине претседател на Влада.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Бидејќи потекнува од Електростопанство на Македонија, пратеникот Мавровски знае што направи, согласно Законот за преобразба на Електростопанство, државата, Владата, исто и согласно на Законот на 31 декември го поделивме дотогашното Електростопанство на два дела. Во овој дел се обврзавме од постоечкото АД Електростопанство до 1 јули оваа година да продолжи преструктуирањето и да има две акционерски друштва, АД Дистрибуција и АД Производство. И едното и другото во пакет ги продава Република Македонија. Проценетата вредност, дали ќе биде еднаква на пазарната вредност, ќе покаже јавниот тендер.

Во секој случај досегашните инвестиции и потенцијалот што го има Република Македонија и преку наоѓалиштето за кое што говорите во локалитетот Брод но и хидропотенцијалот што го има Република Македонија за евентуален развој, веројатно ќе ја кренат цената на тендерот на Електростопанство. Колку ќе биде таа цена, ќе сочекаме, ќе видиме. Според наша проценка целиот процес на приватизација треба да заврши до крајот на 2005 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање е упатено до министерот за финансии во врска со распределбата на средствата од Телеком.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ова прашање имаше три потпрашања. Ќе се обидам да бидам многу прецизен.

Колку од средствата од Телеком се употребени за инвестиции по програми што ги усвојува Собранието, заедно со Буџетот за 2003 и 2004 година, ќе доставиме во писмена форма, затоа што тоа се две бројки, не можам на памет да ги знам сега. Ќе бидат доставени.

Колку средства од Телеком се употребени за отплата на надворешниот долг? Не може да се достави прецизен податок од следниве причини: средствата од Телеком на почетокот беа на посебна девизна сметка на Министерството за финансии, а подоцна се интегрираа. Секогаш кога ние го отплаќаме надворешниот долг на државата, за што е задолжена Република Македонија, ние тоа го правиме од девизните депозити на државата што стојат на девизна сметка на Министерството за финансии во Народната банка, што е сега интегрирана со Телеком - сметката. Така што кога исплаќаме ние не можеме да знаеме во интегрираната сметка, средствата од каде се, меѓутоа надворешниот долг редовно го исплаќаме и тие средства се во Народна банка, на смета на Министерството за финансии.

Колку средства се исплатени за фондовите, прашањето беше во множина, мора да го сведеме во еднина затоа што средства обезбедуваме само за пензискиот фонд, за другите фондови не од овие средства. Средствата за отплата на обврските на Пензискиот фонд, како што знаете и во Буџетот на Република Македонија, вкупните трансфери се некаде помеѓу 7,5 до 8, милијарди денари годишно, зависно од годината. Морам да кажам дека во идните десетина години овие средства драстично ќе се зголемат, заради реформата на пензискиот систем со вторито столб.

Секогаш кога имаме салдо на Буџетот , на денарската сметка што е редовна, ние ги сервисираме обврските кон ПИОМ, за да ги сервисира тој обврските спрема пензионерите и по основ на редовни пензии и по основ на 8%, што ја оствaруваме Одлуката од Врховниот суд, од буџетските средства. Ако немаме доволно средства како тековен прилив во тој момент, ги користиме депозитите на државата и најчесто денарските депозити, кој лимит ни е утврден со дефицитот на Буџетот, што вие го знаете и кој редовно го гласа Собранието, заедно со Буџетот. Само под услов ако немаме тековна ликвидност на денарските депозити, ние повлекуваме од девизните депозити за да ги извршиме тие и сите други дефицитни обврски. Во тој момент не ги испразнуваме девизните резерви затоа што девизните средства ги продаваме на Народна банка чија сметка е исто дел од девизните резерви, а повлекуваме денарски средства за исплата на обврските на Буџетот. Во тој сложен механизам ние не знаеме точно колку од нив се искористиле од сметката на Телеком, затоа што по сите канали ги влечеме. Меѓутоа, не треба да има никаква бојазност, од едноставна причина што во Република Македонија не се случило, барем во овие две години, за време на нашата Влада, да не се исплатат редовно средства на пензионерите, ниту пак да не се исплатат средствата на разликата која ја уплаќаме и на сите пензионери поединечно за 8% и плус за полицијата има една посебна Одлука каде што неисплатени средства од 90-тите години, ги исплаќаме

редовно. Со оглед на тоа што имаме редовни средства во Буџетот кои ги користиме и редовна исплата, непобитно е дека салдото е во рамки на Буџетот. Второ непобитно е дека девизни средства не празниме во рамки на државата затоа што ги продаваме средствата на Народна банка чии средства се исто дел од девизните резерви на државата и тука билансот е целосно затворен. А за првите две каде што постојат конкретни бројки, ќе ги доставам писмено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Незнам јас сега, министерот се обиде да ми објасни нешто, но јас тешко го сваќам. Тоа што го кажа, испаѓа дека, бидејки е заедничка сметката на Телеком и Министерството за финансии, во Народна банка дека ние не знаеме колкави средства од Телеком се исплатени за исплата на нашиот надворешен долг, барем така го сватив, или погрешно го сватив, можеби ќе добијам инфорамција за тоа и очекувам да ја имам затоа што и минатата година г-дине министре и оваа година, при донесувањето на Буџетот апсолутно никаде не стои средства од Телеком предвидени за инвестициони активности и за развојни проекти. Тоа е факт. И оваа година кога расправавме токму за таа точка, тие средства се определени за Фондот за ПИОМ, за пензионерите кои треба да добијат некоја разлика од 1993 година и останатите средства се предвидени за исплата на внатрешниот и надворешниот долг. Тука е прашањето. Ние сега можеме да филозофираме, можеме да кажеме дека заеднички е Фондот, а вие не знаете каде одат парите и тогаш се прави уште поголем проблем во Министерството за финансии. Вие колку средства ќе повлечете во дадениот момент, колку треба за Фондот за ПИОМ. Мислам дека ПИОМ треба да ги има тие средства. И ако Телеком ви користи, тие средства ги користат токму за пополнување на фондовите за пензиско и незнам кои други потреби на државата за враќање на надворешни или внатрешни долгови. Значи ние имаме проблем, вашиот Буџет недостасува, овие средства се предвидени за развој уште во старт и за инвестиции. Затоа ние немаме ниту развој, ниту инвестиции. Овие средства се користат, едноставно, за пополнување на дупки во Буџетот и средства со кои треба да враќаме долгови, а долговите ги правиме ние смаите. Што од тоа се враќа, кога ќе ги земете долговите. Тоа е основното прашања.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Министре, имате некој коментар.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имам многу коментар, ама ќе се обидам да го сведам на малку.

Господине Мавровски, на вашата реченица дека тука имаме проблем, формално и официјално ве известувам дека немаме никаков проблем.

На вашата констатација дека не го разбирате одговорот и дека само се филозофира, ве известувам дека јас многу прецизно ви одговорив се. Ако тоа не сте го сватиле и ви личи на филозофирање, тоа не е мој проблем.

Понтаму, вие тврдите дека не знаеме колку средства се одвојувале во 2003 и 2004 година за инвестициони проекти, грешно е, проверете ги службените весници и во 2004 и во 2004 година, Парламентот донел посебна одлука во рамки на Буџетот.

За тоа како ќе се трошат средства од депозитите од Телеком, за инвестициони проекти, оваа година и тоа го објавивме дека беше последната година 2004. Оваа година веќе нема. Тие проекти што се заостанати, а се граделе со средства од Телеком, од 2001 година, пари се обезбедуваат од редовната сметка на Буџетот и се лоцирани кај секој корисник поодделно.  Ако е во рамки на образование, некое училиште, средства се ставени таму од редовните приходи. Едноставно ако не верувате проверете си ги дневните редови, и проверете си ги службените весници на Република Македонија, ќе ги видите објавени одлуки за кои тврдите дека никој ги нема видено.

Ќе се обидам да го дообјаснам тоа што го нарековте филозофирање.

Ако едноставно не можете да сватите што се случува ...

(Од место коментира пратеникот Спиро Мавровски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски вие бевте сослушани, дозволете да го слушнеме одговорот на вашето прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако не можете да сватите што се случува, замислете дека има една торба со сто кила ореви од кои сте купувале на 20-30 пати по 2-3 кила од истиот, затоа што доларите или еврата се исти, немаат боја и сите ги ставате во едната торба и на крај нема да знаете оревот од кое купување е или на која дата сте го купиле, затоа што и немате потреба. Сите евра се исти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Третото прашање е до Министерството за земјоделие во врска со учество на комерцијални саеми.

Повелете.

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:

Почитуван претседателе, потполно се согласувам со констатацијата на пратеникот дека саемите, дали домашни или меѓународни, се една од можностите за рекламирање на сите производи, па така и нашите производи.

Точна е констатацијата дека на Меѓународниот саем во Берлин - Зелена недела, на тој саем немаше присутни македонски компании, бидејки кога разговаравме со еден дел од тие компании, тој саем се одржува секоја година  и сметаа дека тој саем повеќе е политички саем каде се среќаваат воглавно министрите за земјоделство и други функционери. Меѓутоа, како и да е, апсолутно се согласувам дека треба да правиме напори во однос на присуство на тие саеми.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заедно со Министерството за економија издвојуваат одредени средства од нашите програми за финансиско помагање за учество на овие саеми. Минатата година се учествуваше на саемот ... логистика, во Берлин каде што овие две министерства заедно дадовме одредена помош во однос на плаќање на штандот таму и т.н. Меѓутоа целата друга организација во однос на желбата да се настапи на саемот, тоа мора да го прават компаниите. Тоа го правиме не само во Берлин, тоа се правеше ив о Пловдив-Бугарија, каде што ние во тој дел помагавме финансиски, скромно, меѓутоа помагавме. Тоа ќе гоправиме и на другите меѓународни саеми, се разбира каде ќе пројават интерес нашите компании.

Ќе дадам само една напомена, а тоа е дека во оној дел каде што имаме поголеми компании, каде што имаме преработени производи, по лесно се настапува на тие саеми. Меѓутоа во типот на оние примарни производи, зеленчук, овошје, дали е тоа јаболко, домати и т.н. немаме ткави компании кои можат тоа да го организираат, или тие  се многу мали, немаат интерес да настапат и т.н. Меѓутоа, ние како Министерство, заедно со Министерството за економија, кои се задолжени за трговскиот дел, ќе правиме и понатаму напори за да можат нашите компании да учествуваат на тие саеми од каде можеме да очекуваме еден многу добар начин за рекламирање на нашите производи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Мавровски задоволни ли сте од одговорот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не знам како ќе бидам задоволен. Прв пат слушам дека има и политички саем за земјоделие. Во секој случај можеби и така треба да биде.

Но, еве на претходниот коментар, бидјеки, еве сме во земјоделие, министерот за финансии ако ја полни торбата со ореви и зема од 30 луѓе, треба да знае кога ќе ја празни торбата со ореви, не знае од кои ореви зема, туку дава и троши од тие пари што беа предвидени за нешто друго. Значи истите ореви, како што се полни торбата, така и се празни, а за жал не знаеме каде одат тие ореви кога ќе се празнат. Тука е основното прашање. Си дозволуваме да се коментира нешто, г-дине претседателе и мислам дека требаше да го прекинете, затоа што апсолутно никој не праша за она што тој се обидува да ми одговори...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски вие можете да бидете задовлни или незадовлни од одговорот.

Друго, и деловнички нема друга терминологија. А јас во иднина нема вас да ве прашувам дали сте задоволни, ќе ве прашам дали сте незадоволни.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Дозволете г-дине претседателе една работа. Јас можам да бидам задоволен или незадоволен од прашањето што го поставувам и од одговорот на министерот, а не можам да бидам задоволен или незадоволен за прашање кое не сум го поставил, а министерот дава одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие ќе кажете дека не сте задовлен.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Нема, зошто да бидам задоволен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Извинете г-дине Мавровски, јас не сум експерт по сите ресори поставени до сите ресори.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ако не сте експерт, тогаш треба уште еднаш да можеме да комуницираме и да кажеме што имаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршивте?

Благодарам.

(Објавувам пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,02 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Повелете господине Мите Николов, вие сте на ред.

Дали се тука присутни министрите или замениците министри до кои сакате да поставите прашање?

МИТЕ НИКОЛОВ:

Првото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, така што ќе чекам да дојдат другите министри за да можам да го поставам и другото прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почнете тогаш, имате десет минути.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Ви благодарам, господине преседателе.

Почитувани членови на Влада, моето прво пратеничко прашање го упатувам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имено сакам да кажам дека  Хидросистемот “Брегалница” во делот од почетокот на општина Кочани преку Штип па се до Свети Николе е доста оштетен и дотраен, по истиот се гледаат пукнатини во должина од повеќе метри и широчина од 50 и повеќе сантиметри. Според проценките на инженерите за хидромелиорација, оваа година се очекуваат губитоци на водата од 50 до 60% од количеството на вода што се испушта од браната Калиманци и го става во прашање наводнувањето кое треба да започне за два ипол месеци.

Законот за водостопанство го донесовме, но по се изгледа дека сеуште не го применуваме, а земјоделците чекаат и на формирање на водостопанските претпријатија.

Моето прашање е упатено до министерот, односно тука е заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство  и тоа гласи:

Кога Министерството ќе ги формира водостопанските претпријатија, бидејќи освен директори други нема ангажирано и кога ќе започне со репарирањето на оштетениот каналeн систем на овој дел од хидросистемот “Брегалница”.

Второто прашање е упатено до министерот за труд и социјална политика.

Имено, сакам да кажам дека Штип е  град со 75 конфекции каде работно се ангажирани околу 8.500 работници. Во повеќе од половината од овие работни организации, работното време на работниците изнесува од 10 до 12 часа за еден

работен ден и тоа од понеделник до сабота, а поедини од нив работат и во недела. Здравствената состојба на конфекциските работници е во прашање, овој физички напор не можат да го издржат и ако вака продолжиме за 5 години бројот на трудови инвалиди во Штип ќе биде зголемен за 10%.

Инспекторите од подрачното Министерство за труд и социјална политика или не можат или не сакаат да го решат овој проблем. Интервенциите од работниците кај инспекторите од подрачното Министерство во Штип не вродија со плод.

Прашањето до минситерот за труд и социјална политика е како мисли да го реши овој проблем кај вработените кај кои моментално е најакутен и е опасен по здравјето на работниците, бидејќи, пред се, се работи за млади лица од женски пол, мајки на мали деца или допрва треба да оформат фамилија и да раѓаат, па постои опасност Штип да биде град со најмал наталитет во Република Македонија.

Третото прашање го упатувам, исто така, до Министерството за труд и социјална политика.

Со стечајот и приватизирањето скоро на сите акционерски друштва во Штип, како што беше Текстилниот комбинат “Македонка”, Фабриката “Астибо”, “Селена” и Земјоделско-индустрискиот комбинат “Црвена Звезда”, во Агенцијата за вработување во Штип остануват работно неангажирани 2806 лица на возраст до 50 години, 2763 лица на возраст над 50 години. Заинтересираност за нивно поново вработување кај истите, се додека стекнат право за пензионирање од страна на, сега, приватните фирми не постои. Во прашање е нивната егзистенција, а згора на тоа истите имат и деца за школување.

Моето прашање упатено до министерот за труд и социјална политика е:

Какво е размислувањето за овие луѓе и како да го решиме овој горлив проблем во Штип.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање е упатеено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во врска за формирање на водостопанските претпријатија.

Повелете господине Џамбазовски.

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Системите во Република Македонија се прилично руинирани и дотраени. Во тие рамки спаѓа и Брегалничкиот систем кој се наоѓа од Кочани до Свети Николе.

Брегалничкиот систем, како и системот во Тиквешието, Неготино, Кавадарци и Полошко-Тетовскиот систем, односно Гостивар и Тетово, се опфатени со еден проект финансиран од Светската банка, каде што треба да се направи реконструкција на главната каналска мрежа, а со тоа да се направат одредени реорганизации со стопанисувањето со овие капацитети.

Владата на Република Македонија, во таа насока, донесе два закони, еден закон за формирање на водостопански претпријатија, еден закон за формирање на водни заедници, што значи дека донесувањето на тој проект беше условен од овие два закони. Овие закони се донесени и сега се постапува по овие два закони.

Главната каналска мрежа треба да продолжи да се реновира се до завршетокот на Брегалничкиот систем, а тоа е до Свети Николе, а формирањето на новото претпријатие, бидејќи старите претпријатија кои имаа многу долгови се ликвидирани според законот и со одлука на Влада, тие ликвидирани претпријатија имаат ликвидатори кои треба да ја спроведат постапката за ликвидација на овие претпријатија. Со новиот закон треба да се формира ново водостопанско претпријатие, реков не од тој тип туку реорганизирано со многу помал број на луѓе, бидејќи е предвидено со водостопанските претпријатија да раководат многу помал број на луѓе и тие водостопански претпријатија да се занимаваат само со основната дејност, а тоа е наводнувањето. Додека водните заедници се тие кои што треба да стопанисуваат со деталната каналска мрежа каде што сметаме дека многу подобро ќе се организира оваа агротехничка мерка и очекуваме дека наплатата за водниот надомест ќе биде многу поефтина по еден хектар, бидејќи очекуваме дека трошоците многу драстично ќе се намалат со новата реорганизација на овие претпријартија.

За да се формира новото претпријатие, подготвен е Предлог статут за формирање на новото претпријатие, до денес е усогласен со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство и на наредната седница на Владата тој статут ќе оди на усвојување. Очекуваме дека на една од наредните седници на Владата ќе се усвои статутот и тој статут ќе го потпише Управниот одбор на овие претпријатија и по тој статут ќе се избере нов директор на Јавното претпријатие, во дадениот случај бидејќи пратеничкото прашање е само за Брегалничкиот систем, ќе се избере новиот и ќе се формира новото претпријатие, каде ќе се преземат сите основни средства кои се капитал на државата, а другиот дел на средства кои не се тесно врзани со оваа дејност ќе одат на приватизација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Николов, повелете, кажете дали сте задоволен од одговорот.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Јас сум задоволен и овие работи ми се познати, меѓутоа, останувaат уште два, да не речам два ипол месеци до почетокот на сезоната кога земјоделците треба да наводнуваат, но на теренот сеуште нема ништо, а за два месеци тоа не можеме да го завршиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има претставник на Министерството за труд и социјална политика? (Нема).

Може ли тоа во писмена форма да биде одговорено?

МИТЕ НИКОЛОВ:

Да, прифаќам да бидат одговорени во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, последните две прашања ќе бидат одговорени во писмена форма.

Повелете господине Ефтим Манев, Вие сте на ред, а потоа нека се подготви пратеникот Коста Прешоски.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе,

Би сакал да поставам две пратенички прашања од кои едното е до Министерството за здравство и се однесува на следното:

Како пратеник кој доаѓа од општина Радовиш, известен сум дека во последните четири месеци од 2004 година вработените во Здравствениот дом - Радовиш не земале плата ниту за еден месец, па дури и средствата што се издвојуваат од Фондот за здравство биле повратени заради тоа што, наводно, имало некои судски решенија и за да се извршат тие, вработените не земаат плата.

Сметам дека Министерството за здравство во врска со тој проблем до сега требало да интервенира и да најде начин вработените да земаат редовно плата, ако сакаме да имаме уредно и хумано здравство, отколку некои луѓе да не земаат плата, а да пружаат здравствена услуга што е многу тешко. Би сакал во тој дел министерот да појасни кои се причините, а најмногу би апелирал тоа прашање да може веднаш да го реши. Тоа е едното прашање.

Второто прашање е следното:

Пред 10 или 12 години отпочнавме со изградба на железничката пруга Куманово-бугарска граница, која пруга се гради прилично тешко и споро, а додека во 2004 година, не е инвестирано речиси ништо во тој дел.

Би сакал Министерството за транспорт и врски или Владата, ако не можат да ми објаснат усмено денеска, тоа да го направат писмено, нека оценат истите, кои се причините што е застанато со изградбата на пругата, какви се штетите од тоа што има луѓе кои се определени да го чуваат тој имот, но сепак се распаѓа и се руши на било кој начин и она што е изградено.

Исто така, би сакал да ми одговорат колку средства се потребни за нивна доградба, бидејќи подолго време во јавноста се зборува, тоа се слуша и преку медиумите дека изградбата на оваа пруга е и те како тешка и економски неоправдана, дали оваа пруга ќе се догради, колку средства ќе бидат потребни за да се догради или досегашната градба ќе биде конзервирана за некои други времиња и можеме да размислуваме за некои други подобри услови за изградба на пруга, која ќе ја поврзува Република Македонија со Бугарија, како што беше при донесувањето на таа одлука, тогаш кога требаше да се гради оваа пруга, бидејќи тогаш пругата преку Штип-Струмица-Петрич беше идеална, поекономична и далеку поефтина, па дури и сега истата ако се гради ќе биде поефтина од таа што треба да се догради.

Во тој дел, ако тоа не можат сега да ми го објаснат, тоа да го направат во писмена форма, колку пари се потрошени до сега, уште колку средства се потребни и кои се причините што понатаму не се гради пругата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е упатено до Министерството за здравство.

Повелете, господине заменик министер.

ЌАМИЛ ЌАМИЛИ:

Во најкраток временски рок ќе одговориме во писмена форма, односно одговорот ќе биде подготвен во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи одговорот ќе го добиете во писмена форма.

Дали на второто прашање можете усмено да ни одговорите или одговорот ќе биде во писмена форма?

Повелете господине Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Не, одговорот ќе биде комбиниран, односно една работа треба да се напомене, а тоа е дека Источната пруга е започната во времето кога требаше да се бара резервно решение во времето на ембаргото кое беше во ек од страна на Република Грција кон Република Македонија. Тоа е едно.

Второ, во тој проект беше планирано изворите за финансирање да бидат од Буџетот на Република Македонија, така што тоа се некои од главните причини врз основа на кои е започнат тој проект и врз основа на кои, следејќи ги натамошните случувања што се случуваа во Македонија беше отежнат развојот и изградбата на таа делница.

Она што е вредно да се истакне сега е дека во последната година интензивно со нашите колеги, пред се од Министерството за транспорт на Република Бугарија, работиме на подготовка на заеднички настап кон европските како финансиски така и други институции заради изнаоѓањето можност за затворањето на финансиската конструкција. Меѓутоа, бидејќи пратеникот го формулира прашањето со барање за детални информации, ние сме во можност да ги доставиме деталните податоци, и тоа не само првичните што значеше тоа како финансиска конструкција, туку и до кое ниво е дојдено и кои се идните планови во делот на проектот Источна пруга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од усмениот одговор на дел од прашањето?

ЕФТИМ МАНЕВ:

Сметам дека усмениот одговор што го даде заменикот министер е начелна информација во тој дел и целосссен одговор ќе има кога ќе го добијам писсмениот одговор. Инаку, ова што го кажа е познато и мене ми е познато.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам

Повелете господине Коста Прешоски, имате десет минути.

КОСТА ПРЕШОСКИ;

Благодарам претседателе,

Почитуван премиер, колеги пратеници,

Јас ќе поставам три прашања.

Првото прашање го упатувам до Владата на Република Македонија. Имено, какви се реалните можности на Владата, односно соодветните министерства за нивно вклучување во насока на интензивирање на постапката за итно спроведување на Одлуката за ликвидација на Тутунскиот комбинат “Нико Доага” - Крушево,

односно негово рестартирање преку тендерска продажба и продажба на 360 тони тутун како готов производ, со кои средства ќе бидат обесштетени околу 900 коопераnти за предаден и неисплатен тутун од реколтата од 2003 година. Ќе дадам една поширока елаборација за овој проблем.

При крајот на 2004 година, Тутунскиот комбинат “Нико Доага” од Крушево отиде под стечај и многу брзо после тоа  Советот на стечајните судии  при Основниот суд во Прилеп донесе решение за ликвидација на истиот со продажба и впаричување на целокупниот имот како единствена функционална целина. Најголем доверител е државата со повеќе од 80%, односно Министерството за финанси преку Бирото за резерви и Агенцијата за управување со средства. Од аспект што проценетиот имот, вклучувајќи ја тука и залихата од 2,8 милиони килограми тутун како готов производ, градежните и средствата за работа кои се хипотекирани и заложени со над 80% во интерес на државата даваат реална можност за ангажирање на соодветните државни институции во насока на итна тендерска продажба на ова претпријатие, со што истото би се рестартирало, би се вратиле вработените на работа, а со тоа ќе исчезнат нараснатите тензии на незадоволство кај вработените како доверители, кои без своја вина се најдоа во Бирото за вработување.

Од друга страна, Собранието на доверители им го призна правото на тутунопроизводителите во висина од 360  тони тутун како готов производ од реколта од 2002 година, кој треба да биде продаден и со добиените средства истите би биле обештетени.

Ова го истакнувам од причина што знаеме што треба да направиме, а работите никако да тргнат, а од друга стана расте незадоволството на вработените во тутунското претпријатие, граѓаните на Крушево и тутунопроизводителите во спороста на разрешувањето на овој проблем.

Би сакал да верувам дека со помош на Владата и ова претпријатие брзо ќе се престрои во нормален ритам на работа, што е од интерес на самите вработени и голем број на тутунопроизводители од овој регион.

Инаку, за општината Крушево да кажам дека преку ноќ ги снема стопанските капацитети, градот се опустоши, претворајќи се во мртов град. За жителите на Крушево друга алтернатива за живот нема, освен да се пријават во Бирото за вработување и да чекаат посреќни времиња. Единствени пари што влегуваат во оваа општина се платите од службениците, финансирани од државните јасли и пензиите.

Во контекст на кажаното, мислам дека Крушево заради историските рефлексии во современиот свет, наша обврска е да го извлечеме од постојаното иселување и конечната пропаст, бидејќи неупатно е на изворот на сопственото постоење и сопствената држава идните генерации своите пријатели и познаници да ги носат на урнатините од напуштените огништа.

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дали и какви мерки ќе преземе соодветното министерство  за итно решавање на проблемот со откупот на кромидот, особено во подрачјето на село Бучин крушевско каде што постојат исклучително поволни природни услови за производство на оваа земјоделска култура овој проблем се провлекува повеќе години, за што веќе еднаш имам поставено слично пратеничко прашање, но без резултат. Производството на кромид во овој регион Бучин, Воѓани, Бела Црква, претставува основна дејност за егзистенција на над 90% од населението. Годишно производство на познатиот бучински кромид се движи над 3000 тони годишно. Овој кромид се консумира во свежа состојба и може да се чува односно одржува до крајот на месец февруари. Веднаш да кажам дека има огромен вишок на ова производство кое мора да се класира надвор од земјата. Македонските земјоделци се способни да произведат големи количества различни изводи, затоа имаме половни климатски услови. Но, кога ќе дојде ред да се продаде, тогаш целиот труд пропаѓа. Сегашната состојба загрижува, скоро и да нема откуп и пласман на познатиот бучински кромид. Скоро 4 месеци кромидот се наоѓа во дворовите и за него производителите тешко наоѓаат пласман. Во 2003 година цената на кромидот беше од 12 до 24 денари за килограм. Досега платените минимални количини кромид на пазарите во Крушево, Прилеп, Битола и Кичево по понижувачка цена од само 6 денари за еден килограм не ги покрива ниту транспортните трошоци.

Прашањето го поставувам во насока Владата да се ангажира и да поттикне, односно да создаде амбиент за пласман  на суфицитарното производство на кромидот, почитувајќи ги пазарните законитости и поволните услови кои ги има создадено со потпишувањето на договорите за слободна трговија со земјите членки на ЕУ и бившите ЈУ Републики кои и досега беа традиционални пазари за оваа култура. Значи, постојат сите предуслови за пласман на вишокот на производството кое ќе може да се реализира како извозен земјоделски производ, но со помош на Владата и со соработка на производителите и трговците за организиран настап на

странските пазари. Ако не се најде решение за разрешување на овој проблем, во тој случај не останува ништо друго освен кромидот да плива по реката Црна.

Барам одговорот да биде во писмена форма за да можам истиот да го проследам до производителите.

Третото прашање до Министерството за транспорт и врски. Дали и кога ќе се изгради телефонска централа за околу 130 телефонски приклучоци за потребите на селата Пуста Река, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци и Арилево. Овие селски населби се наоѓаат западно од општинскиот центар Крушево. Во моментот постои телефонска линија од Крушево до село Пуста Река преку Горно Дивјаци во должина од 7 км. На оваа линија се приклучени 4 телефонски броја. Линијата е поставена со телефонска жица во далечната 1953 година која никогаш не е обновена и постојано е во прекин. Жицата е дотраена и само во влажни временски периоди, како овие, може да се случи да се воспостави врска. За жал, овој регион не е покриен ниту со сигнал на мобилна телефонија. Апсурдна е констатацијата на почетокот на 21 век, да постојат села кои немаат телефонска врска, т.е. се отсечени од светот. За разрешување на овој проблем жителите на овие населби во повеќе наврати писмено се имаат обратено до Македонски телекомуникации, а јас во средината на 2003 година имам поставено пратеничко прашање. До овој момент сите наши обиди остануваат неуспешни. Известен сум дека во концептуалниот план за развој на телекомуникациската мрежа на АД Македонски телекомуникации за периодот 2004 - 2006 година се предвидува да се имплементираат телефонски услуги за овие села. Но, морам да кажам дека роковите за имплементација на техничкото решение за разрешување на ова прашање точно за овој регион во годишните планови за развој на компанијата многу често се менуваат. Затоа уште еднаш прашувам, дали навистина овој проблем, ќе има разрешница и кога?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е до Владата на Република Македонија во врска со тутунскиот комбинат “Нико Доага”.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Треба да ги провериме информациите што ги пласираше пратеникот. Ако е така како што вели, ако е завршена стечајната постапка тоа ќе може да биде во еден многу кус разумен рок. Но, во секој случај претендирам Министерството за економија да подготви за идната седница писмена информација каде што ќе може да се увери пратеникот во она што и самиот го пласираше овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гoподине Прешоски дали сте задоволен од одговорот?

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Задоволен сум само во првиот дел. А не добив одговор за тие 350 тони тутун што им припаѓаат на тутунопроизводителите. Тој тутун треба да се продаде за да можат тие пропорционално да бидат обештетени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е во писмениот одговор.

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со откуп на кромидот.

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:

Со оглед дека пратеникот побара, инсистираше на писмен одговор, дали да се обидам да одговорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е ваша одлука.

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:

Ние поширок писмен одговор ќе дадеме за оваа работа, бидејќи пратеникот инсистираше. Само да кажам дека ние производство од типот на кромид и други зеленчукови и градинарски производи имаме вишок и мораме да се ориентираме за извоз. Државата прави напори во однос на договорите кои ги потпишува за трговските односи, дали регионалните, дали глобалните, или со Европската Унија, прави напори да го штити производството, а тоа е со недозволување на влез на ваквите производи без царина, туку со тоа што е воведено царина скоро за сите земји. А за извоз правиме напори пак да обезбедиме или без царински извоз, или пак да имаме безцарински квоти. Веднаш да кажам во понеделникот веќе со Република Романија договоривме квота безцаринска за кромид, како за јаболка и други производи. Тоа ќе го правиме и со другите земји. Така што тој амбиент ќе го правиме. Меѓутоа, мора да се бараат организации, односно компании кои ќе можат да се занимваат поинтензивно, поквалитетно со таа работа за да можат да го организираат производството и да можат да го извезуваат, бидејќи нашите производители произведуваат релативно на мали површини и мали количини и затоа се потребни компании кои ќе можат да го прибираат од нив производството за да можат да го извезуваат надвор од земјата.

За останатиот дел ќе дадеме писмен одговор, како што побара пратеникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Прешоски дали сте задоволен од одговорот.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Задоволен сум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Трето прашање до Министерството за транспорт и врски, сублимирано прашањето, телефонско поврзување на одредени селски населби.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Ќе добиете писмен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пратеник е господинот Замир Дика, а потоа нека се подготви пратеникот Недим Рамизи.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам, господине претседател.

Имам три прашања.

Првото прашање е до министерот за внатрешни работи.

Во првиот дел ќе може да ми одговори усмено. За другиот дел инсистирам да ми одговори писмено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Со тоа значи дека вие имате две прашања.

ЗАМИР ДИКА:

Едно прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Едно прашање, со едно потпрашање.

ЗАМИР ДИКА:

Двете прашања излгуваат од Канцеларијата со граѓанската соработка која ја имаме спонзорирано од Нацоналниот демократски институт. Едноставно, станува збор за граѓани кои доаѓаат и се жалат за кои ние врз основа на анализите што ги направивме постојат проблеми кои се на ниво за кои мислам дека министрите добро е да ни дадат одговор и да се соочиме  со нашите граѓани.

Со Законот за државјанство мислевме дека постапките ќе се олеснат за добивање на државјанство посебно за тие случаи кои се јасни. Но, според информациите кои ги имам од граѓаните кои доаѓаат во подрачјето на Скопје, посебно од општина Чаир и општина Центар, состојбата останува иста, луѓето кои чекаат долго време за државјанство и по новиот Закон за државјанство повторно

останувaат на шалтерите чекајќи одговор за стекнување на државјанство. Ќе ги цитирам имињата на граѓаните и би ве замолил вие со вашите служби да ни дадете одговор за секој случај поединечно зошто немаат одговор, или зошто се доцни со одговорот за нивните прашања. Ќе имате малку трпение. Тие се: Идриз Бучи, Анифе Гаши, Нерифше Елези и Ферид Елези, Веби Веда, Нехат Ибиши, Мусли Муслиу, Екрем Џемаили и Веби Џемаили, Шерибан Јакупи, Адем Шеху, Азем Шеху, Бељур Шеху, Ружица Шеху, значи овие се евидентирани случаи.

За разните случаи според тоа што го имаме и познавајќи го законот мислиме дека Министерството за внатрешни работи требаше да биде по агилна и да им даде одговор на овие лица. И иститe, сега немам информации , велат дека за да се забрза постапката треба да дадат 100 евра за стекнување на државјанство. Незнам дали ова е регулирано со вашата прогрма.

Второто прашање до министерот за труд и социјална политика. Исто така и ова прашање произлегува од контактите што ги имаме со Канцеларијата за соработка со граѓаните и доаѓа од подрачјето на општина Чаир и општина Центар. Многу случаи на граѓаните на кои им е спречена социјалната помош без образложение, дури образложенијата се честопати смешни. Од контактот со гртаѓаните што го имаме јас ќе ги цитирам случаите и би ве замолил со вашите служби да направите залагање да ни дадете одговори, за да ние се соочиме со нашите граѓани. Исни Адеми, Алајдин Дервиши, Екрем Бајрами, Бесим Даути, Хусамедин Фазлиу, Севдије Виши и Заим Дошљаку, Шабан Тахири, Имране Љутвију, Исљам Исљами, Ќемаљ Муљаку и Садула Османи. Ќе ви кажам еден пример. Хусамедин Фазлиу е со дијализа и инвалид. Во моментот кога била инспекцијата од Вашето министерство за да утврди дали ги исполнува условите, тој во тој момент не бил дома и детето не знаело каков одговор да им даде и од тој момент му е прекината социјалната помош. Сите овие случаи кои ги спомнав го имаат овој беграунд. Затоа би ве замолил лично да видите дали нема некоја злоупотреба од страна на вашата инспекција. Би сакал да добијам писмен одговор во врска со овие случаи.

Третото прашање е до министерот за финансии. Бидејќи не е тука би сакал да ми одговори писмено.

Во 2003 година господинот Црвенковски и господинот али Ахмети беа во посета во Дебар и откако изгоре општината, ветија дека на општината ќе и дадат помош за изградбата на овој објект во износ од 500 илјади евра. Во 2004 година од буџетот се одвоија 15 милиони денари за изградбата на општинскиот објект. На

13.12.2004 година почнаа активностите за изградбата на општината и благодарни сме што со буџетот еден дел од средствата 15 милиони евра, или 250 илјади евра и се доделија на општината и се гради. Јас би го прашал министерот за финансии дали се предвидени средства и во буџетот за 2005 година. Другиот дел, ветениот од тие средства исто така ќе се платат тие средства за да се заврши овој објект, бидејќи граѓаните немаат каде да ги извршуваат нивните граѓански обврски.

Би направил и една мала дигресија. Многу граЃани дојдоа денеска за редукциите на струјата во Церово, Визбегово, Гази Баба. Какви залагања направи министерот за транспорт и врски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е навистина дигресија, не мора да се одговори, бидејќи е четврто прашање.

ЉУБОМИР МИХАЈЛОВСКИ:

На почитуваниот пратеник ќе му одговориме писмено бидејќи се работи за поединечни случаи. Мора да видиме за што се работи точно. Ќе одговориме писмено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот прифаќа.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Пратеникот доколку знае, дали се работи за социјална помош, или се работи за постојана парична помош, тоа се две различни работи. Ако е за постојана парична помош на сите тие 330 лица на кои им беше укината по разни основи, ние направивме контрола во нашиот Центар за социјални работи во Скопје и беше констатирано дека на истите лица мора да им се продолжи со издавањето на постојаната парична помош се до конечното утврдување на фактичката состојба. Кога ќе се констатира фактичката состојба дека е во нивни прилог , ќе се продолжи. Дококу не, во таква ситуација значи ќе се запре понатамошната исплата на постојаната парична помош. Доколку пак се работи за социјални случаи, а во конкртниот случај како што кажа пратеникот дека се работи за болни лица кои оделе на дијализа, значи веројатно се работи за постојана парична помош. Мислам дека веќе прашањето би требало да биде решено. Инаку, не би сакал да се оперира со терминот злоупотреби, кога и самиот пратеник рече дека Комисијата кога била на лице место констатирала дека корисникот на социјална помош или постојана парична помош, лицето не го нашла во неговиот дом. Значи, не можеме однапред да прејудицираме дека Комисијата работела со злоупотреби, туку работи врз основа на

документи и констатирање на фактичка состојба на лице место. Во секој случај, ние ќе доставиме и писмена информација како штовие барате. Но, би замолил уште еднаш, да не се прејудицира и да нема предвремени квалификации.

ЗАМИР ДИКА:

Господине министре, незнам, сигурно имало проблеми со преводот. Дека јас реков, вие ќе ги верификувате случаите, имајќи го во предвид тоа што го кажуваат граѓаните, можеби Комисијата работела со злоупотреби. Но, вие доколку се ангажирате лично за секој случај да ми дадете одговор, ќе го верификуваме заедно ова. Но, Јас не прејудицирам, велам уште еднаш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е до министерот за финансии. Сакате писмен одговор.

НЕДИМ РАМИЗИ:

Благодарам господине претседател.

Имам две прашања.

Прашање до Владата и прашање до Министерството за правда.

Прашањето до Владата е, пред три години од страна на минатата влада е отпочнато со градбата на спортските сали. Меѓутоа, оваа предизборна активност на таа Влада остана само во почетната фаза и именуваните објекти не се завршија. Од друга страна Овие објекти се закана и опасност по животот на луѓето заради можноста од срушување. Прашувам, дали планира Владата да продолжи со градењето на овие објекти, или ќе остави за овие објекти за кои Владата нема финансиски средства да ги дава под концесија на физичките лица кои што градењето и стопанисувањето со тие објекти ќе го продолжат за некоку години.

Прашање до Министерството за правда. Веќе трет пат го поставувам прашањето во однос на отворањето на месните канцеларии во неколку населени места во Република Македонија меѓу кои се и барањата на населбите Октиси и Делогожди. Имам инфорамции дека Министерството за правда има изготвено програма за отворање на новите месни канцеларии во неколку населби. Прашувам, дали во таа програма се и овие две населени места на општина Струга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање до Владата на Република Македонија за спортските сали.

ВЛАДО БУЧКОСКИ:

Ќе одговориме писмено со посредство на Агенцијата за млади и спорт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор.

Второто прашање е до Министерството за правда.

СУБХИ ЈАКУПИ:

Мислам дека барањето треба да се достави до Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда соработува со истото за да можат да се отворат такви нови месни канцеларии. Така што во програмата ќе се стават. Истото барање од нивна страна треба да се достави и до Министерството за внатрешни работи за да можеме заеднички да ги инкорпорираме во програмата за нови месни канцеларии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволни од одговорот?

Задоволни.

Пратеникот Петруш го најавив не е тука.

Повелете господине Мешков ви сте, а потоа е господинот Ристо Бислимовски.

Три прашања за десет минути.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Благодарам претседателе.

Првото мое прашање е упатено до министерот за труд и социјална политика, прашањето е во врска со Законот за изменување и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување за кое што дебатиравме летото 2004 година во овој Парламент и со кој Закон направивме, односно предлагачот на законот предложил одредени новини во постапката за оценка на работната способност на осигурениците, односно работењето на комисиите за оцена на работна способност во врска со постапката за остварување на инвалидска пензија.

Тој Закон е објавен во “Службен весник” број 50 од 26 јули 2004 година, а според преодните одредби на истиот закон стапува во сила осум дена од денот на објавувањето во “Службен весник”, што значи стапен е во сила некаде на 3 август 2004 година.

Со тој закон се предвидени новини во постапката, предвидени се комисии за ревизија, преоценка итн, итн, значи сосема сменета постапка за оцена на работна способност, меѓутоа за жал овој закон до ден денеска сеуште не е практично во примена иако поминаа шест месеци од стапувањето во сила на истиот закон. Претпоставувам затоа што, веројатно, во истиот беа предвидени обврски за министерот за труд и социјална политика и за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да ги создадат сите претпоставки да почне да функционира овој закон,

а тоа е да се формира комисијата во здравство што требаше од аспект на медицинска документација да ги гледа поднесените барања, комисијата за задолжителна ревизија по донесениот наод и оценка и мислење и комисијата за контролен преглед на донесените наоди. Значи, три нови комисии што требаа да бидат формирани и што беа од предлагачот образложено беше дека овие се формираат со новиот закон за да може да се надминат слабостите, неповолните состојби за што беше дискутирано а се присутни во оценката на работна способност на комисиите за оцена на работната способност. Меѓутоа и по шест месеци практично не се заживеани одредбите од тој Закон и сега прашањето конкретно е до каде се работите во врска со исполнувањето на обврските на министерот во врска со формирањето на комисиите предвидени со овој закон и донесувањето на општите акти со кои што требаше да се предвидат одредени мерила и критериуми неопходни за функционирањето на овој закон. И, кога конкретно ќе почне да се применува овој закон?

Ова го поставувам, посебно од фактот дека со преодните одредби на овој закон е предвидено дека барањата што се поднесени до влегувањето во сила на овој закон ќе се решат според одредбите на постојниот Закон. Бидејќи комисиите веќе решаваат барања што се поднесени после оваа дата, а ги решаваат по стариот закон, може да се постави прашањето на законитоста на донесените решенија после оваа дата.

Второто прашање е до министерот за труд и социјална политика, во контекст на првото е, а се однесува на работата на комисиите за оцена на работна способност. Во печатените и во електронските медиуми често слушаме за одредени критики на работата на комисиите дека здравите луѓе одат во пензија, болните се на работа итн, итн, а имавме и одредени преписки на лекари исклучени од таму, од комисиите кои што укажуваа на одредени неправилности во овие инвалидски комисии.

Сега го прашувам министерот за труд и социјална политика дали планира да ја искористи можноста што ја има според членот 135 или 136, не ме држите за збор, од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, дека министерот за труд и социјална политика може да формира комисија од лекари специјалисти и стручњаци кои можат да извршат ревизија и контрола на работењето на лекарските комисии? Според мене, една ваква контрола е особено важна и значајно е да се направи и да се измие љагата од комисијата, од лекарите кои се обвинети дека даваат пензии со пари или, евентуално, да се каже на јавноста дека навистина во комисиите за оцена

на работна состојба постојат неповолни состојби, односно дека се здобиваат надвор од Законот за пензиско и инвалидско осигурување и надвор од критериумите предвидени за здобивање со инвалидска пензија.

Прашањето е дали се планира во Министерството и од страна на министерот да се искористи оваа можност и да се направи една контрола во работењето на лекарските комисии?

Второто прашање е до Министерството животна средина и просторно планирање. Имено, овие денови слушнавме на телевизија дека во Скопје, а претпоставувам и во други поголеми градови во Република Македонија концентрацијата на јаглен моноксид е повеќе од двојно зголемена и укажано беше дека тоа нешто неповолно влијае врз здравјето на граѓаните на Скопје, а реков ако го има во други градови и на граѓаните во другите градови.

Меѓутоа, она што беше слушнато преку електронските медиуми беше само тоа дека Министерството за животна средина има одредени мерни пунктоив што ја мери концентрацијата на јаглен моноксид, веројатно и на други штетни гасови, меѓутоа ништо не беше кажано дали нешто се планира да се преземе да се надминат овие неповолни состојби што се штетни по здравјето на граѓаните. Дали во таа насока се планира нешто да биде преземено, бидејќи беше кажано дека тоа воглавном доаѓа од издувните гасови на автомобилите, а веројатно и други причинители? Дали се планираат одредени мерки и активности за надминување на овие неповолни состојби.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првото прашање е поставено до Министерството за труд и социјална политика.

Повелете министре.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

На првото прашање во писмена форма ќе одговорам на господинот Мешков.

По однос на второто, ќе ја искористам таа можност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не ве разбрав, за првото што?

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Беше прашањето дали ќе го искористам правото дадено со Закон да формирам комисија што ќе ги преиспитаат дадените, тоа е за второто прашање.

Да, ќе го искористам тоа право.

По однос на првото прашање ќе му биде одговорено во писмена форма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Третото прашање е до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Повелете господине заменику.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Точно е дека во одреден период имаше зголемување на јаглен моноксидот, тоа го покажаа мерните пунктови што ги има во републиката повеќе, па и во Скопје четири, така што по истите веднаш се реагира и се гледа која е причината за зголемување на концентрација на одредени материи. Во овој случај беше од смогот. Најновите сознанија од мерењето покажуваат дека концентрацијата е падната под максимално дозволеното ниво. Министерството токму преку овие станици гледа каде и што се случува и веднаш се констатира од што е, дали е тоа фабрика, субјект, издувни гасови и слично и веднаш се реагира. Не случајно во Скопје концентрацијата е таква, знаете каква е ситуацијата со возилата и не случајно преземавме активности околу намалување на оловото во бензинот и други активности. Тоа е дел од една континуирана работа. Но, кога се јавуваат нагли промени, тогаш се бара изворот и се интервенира за негова елиминација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволен од одговорот господине Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Само едно дополнително прашање во врска со ова.

Овој пат беше констатирано дека причинителот во најголем дел се издувните гасови од автомобилите. Порано, се сеќавам, кога такво нешто беше констатирано се предлагаа одредени мерки околу возењето на автомобилите во одредени денови со парни или непарни денови. Во таа смисла ми беше прашањето, ако причинители се возилата, ако се констатира дека концентрацијата е над дозволеното ниво, дали во таа смисла се планира нешто. Тоа ми беше прашањето. Но ако е, како што рече претставникот на Министерството дека е падната под критичната концентрација, тогаш, се разбира, се е во ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Имате долги сеќавања со парни и непарни броеви.

Господине Бислимовски имате десет минути за три прашања, а потоа нека се подготви пратенокот Ѓорѓе Пажошковски.

Повелете господине Бислимовски.

Благодарам претседателе.

Имам три прашања.

Првото прашање е до Министерството за правда.

Последниве денови група граѓани од селото Визбегово и од населбата Кучевишка Бара, вршејќи увид во избирачкиот список констатирале дека голем дел од нив ги нема на избирачките места каде гласале до сега, а од непроверени нивни сознанија утврдиле дека тие ќе гласаат за други општини.

Моето прашање е следното:

Прво, дали е точно дека граѓаните од селото Визбегово ќе гласаат на различни места т.е. дали од тоа произлегува дека селото Визбегово е поделено на повеќе општини, или пак тоа е дезинформација, или тие ќе гласаат, како што гласале досега, во овој случај пред локалните избори, за органите на општината Бутел.

Истата работа се однесува и за населбата Кучевишка Бара според која, од непроверени сознанија може еден дел од таа населба да биде опфатена и своите права да ги остварува во општината Бутел, а другиот дел во општината Чучер Сандево, иако досега не било тоа така. Тоа е во поглед на првото прашање.

Другите две прашања се до Министерството за транспорт и врски и произлегуваат од комуникацијата на канцеларијата за соработка со граѓаните.

Во северниот дел од градот се почна со изградба на заобиколниот пат со кој ќе се премости центарот на Скопје и многу побрзо и многу поефикасно ќе се префрлаат возилата, особено тешките транспортни возила, од источниот во западниот дел дел на градот. Таа работа добро одекна и меѓу граѓаните затоа што и тие сметаат дека ќе добијат подобра комуникација. Реков, изградбата почна. Меѓутоа, во северниот дел, особено во делот на територијата на новата општина Бутел има некаков застој, не зборувам за застој од сегашниве временски неприлики, туку зборувам за застојот во последниве неколку месеци. Сега, дали постојат објективни причини за тој застој во изградбата на заобиколниот пат, или пак така е определена динамиката на изградбата, за граѓаните да бидат прецизно информирани и да знаат со каква динамика и по кој ред ќе оди изградбата на оваа заобиколница.

Третото прашање се однесува за жителите од населбата Бутел 1. Имено подолго време, со години наназад тие се соочуваат со еден сериозен проблем од комунална природа, а тој проблем веројатно произлегува, пред се, од непостоење на атмосферска канализација. Покрај тоа со изградбата на канализационата мрежа од погорните делови, со поголем промер на цевоводот или поточно Ф-600 и баш кај нив во населбата Бутел овој поширок канализационен вод се вклучува во потесен канализационен вод во промер од Ф-400 и во време на најмали дождови, се разбира поројни, има излевање на канализационата мрежа и често пати доаѓа до поплавување на нивните подруми и приземни простории.

Сега знам дека проблемот е од комунална природа и би требало да го реши локалната самоуправа односно органите на локалната самоуправа. Меѓутоа многу години поминаа и излегува дека органите на локалната самоуправа немаат моќ и капацитет или знаење да го решат овој проблем, па граѓаните настојуваат и еве преку мене, го отвараме прашањето до повисоките органи, во рамките на можностите да се најде некое решение и особено ако е финансиско. Сугерирано е, ако е можно да се искористат некои донации што доаѓаат од надвор за да се реши овој комунален проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Бислимовски.

Првото прашање е до Министерството за правда во врска со гласачките места во одредени населби.

Повелете.

СУБХИ ЈАКУПИ:

Со донесувањето на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија и Законот за Град Скопје, се наметна потреба од ново ажурирање на избирачките места.

Во Министерството за правда интензивно се работеше на определување на описите на избирачките места според новата територијална организација што се заснова на печатење на избирачките списоци. Исто така Министерството презема обврски и донесе решение за описите на избирачките места согласно Законот за територијална поделба. За ажурирање на истите ние соработувавме со Државниот завод за статистика, Државниот завод за геодетски работи, Министерството за локална самоуправа и Министерството за транспорт и врски.

Јас сега не можам да тврдам дека Визбегово и Кучевиште, што беше прашањето на пратеникот, дали ќе гласаат на истите избирачки места. За тоа точно со информација ќе одговориме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Бислимовски дали сте задоволен од одговорот.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Само еден коментар односно исправка.

Прво не се работи за Кучевиште, туку Кучевишка Бара. Тоа се две различни работи.

Второ, јас сум задоволен што ќе добијам писмен одговор. Меѓутоа, додека го добијам писмениот одговор, бидејќи роковите до спроведување на изборите се на прагот, доколку постои можност Министерството за правда, дури и без да ми одговори, да ги провери овие работи и ако постои можност да ги исправи, да ги исправи. Не е важно јас кога ќе го добијам одговорот, туку важно е да ги поставиме работите на право место и онака како што треба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски во врска со обиколницата околу Скопје.

Повелете господине Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

За конкретната делница пратеникот ќе добие писмен одговор од Фондот за магистрални и регионални патишта, за динамиката за изградба на конкретната делница, бидејќи таму имаше и објективни и субјективни причини. Фондот правеше напори и минатата година да ги надмине истите, така што голем дел од тие причини се надминати. Меѓутоа пратеникот ќе добие писмен одговор, пред се за сегашната состојба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Во врска со третото прашање за комуналниот проблем во населбата Бутел 1?

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Што се однесува до овој комунален проблем, пратеникот и самиот кажа дека тоа е дел од локалната самоуправа. Министерството за транспорт и врски секоја

година распишува оглас за распределба на средсва за водоводна и канализациона структура, така што огласот е веќе распишан па локалната самоуправа може да аплицира со максимум три проекти. Тоа е едно, а второ, евентуално би можеле во писмена форма да му доставиме одговор за евентуални можности за изнаоѓање на одредени донации и слично.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бислимовски, задоволни сте од одговорот?

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Благодарам. Бидејќи ќе добијам и дополнителни писмени одговори, па ќе видиме тогаш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Почитувани пратеници следните пратеници Ѓорѓе Паљошковски, Никола Камчев, Ристо Пејовски, Слободан Чашуле, Блаже Стојановски, Марија Којзеклиска и Ѓорѓи Оровчанец се на листата, Не се тука. Со тоа листата ја заклучивме и со тоа ја заклучувам Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

(Седницата заврши со работа во 16,00 часот).